СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 7 мај 1970

БЕЛГРАД

БРОЈ 20 ГОД. XXVI

Цена на овој број е 3,00 динари. — Аконтација на претплата за 1970 година изнесува 130 динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1 Пошт. фах. 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932 50-933 и 50-934. Служба за претплата 51-732; Продавна служба 51-671

238.

Врз основа на членот 176 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 24 април 1970 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор од 24 април 1970 година, донесе

РЕЗОЛУЦИЈА
ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

I

Во самоуправното социјалистичко општество социјалната политика е систем на општествените мерки кои во сите области на општествениот живот и работа имаат за цел да создаваат услови за егзистенцијална сигурност на луѓето врз основите на солидарност и заемност. Социјалната заштита како дел од социјалната политика со своите специфични форми на организиран и активен однос на граѓаните и сите општествени структури превентивно дејствува и учествува во отстранувањето на последиците од состојбите во кои поединци, семејства и општествени групи не можат да ги задоволуваат своите животни потреби, да вршат соодветни општествени улоги и да користат општествени вредности. Поаѓајќи од тоа, социјалната политика и социјалната заштита како нејзин дел имаат приоритетно значење и претставуваат една од основните цели на развојот на социјалистичкото самоуправно општество.

Развојот на општествените односи и порастот на материјалното богатство на општеството — со определените мерки на социјалната политика, со установувањето и усовршувањето на социјалното законодавство, со поголемото и поцелесообразно вложување во општествениот стандард, со учеството на граѓаните и нивните интересни заедници, на општествено-политичките заедници, на стопанските, социјалните и други работни, општествени и хуманитарни организации во спроведувањето на социјалната заштита — овозможија да се наоѓаат поуспешни решенија за спречување на настанување и за решавање на социјалните појави и проблеми.

Разни форми на социјална заштита користат неколку стотини илјади граѓани. Во текот на последниве 15 години, особено од донесувањето на препораката од Сојузната скупштина за формирање на центрите за социјална работа како самостојни стручни служби на социјалната заштита од 1961 година формирани се над 100 центри за социјална работа; социјалната работа се воведува во стопанските и други работни организации и општествени служби; формирани се неколку институции за проучување на социјалните проблеми; зголемен е бројот на стручните кадри, посебно на социјалните работници во оваа област.

Регулирана е заштитата на лицата кои поради инвалидност и други последици од војната се лишени од можноста да си ја обезбедат егзистенцијата; постигнат е и определен степен на заштита на лицата кои се попречени во психичкиот и физичкиот развиток; постигнати се почетни резултати во воспоставувањето на правната, материјалната и организационата основа на непосредната детска заштита; „Детска недела" се афирмира како погодна форма за мобилизација на општествените сили и за собирање средства за детската заштита; областите на социјалното осигурување, образованието и запослувањето, како и на семејното, кривичното, станбеното и трудовото законодавство содржат низа институти што имаат социјално-заштитен карактер.

Со донесувањето на законите за социјалната заштита во некои републики и на нормативните акти на општините и работните организации се унапредуваат и се доградуваат правата во системот на социјалната заштита.

Меѓутоа, и покрај постигнатите резултати, Сојузната скупштина констатира дека тие не се задоволителни поради недоследното остварување на општите политички ставови за развојот на социјалната политика во согласност со општествените движења; поради недоволните напори на општествено-политичките заедници, стопанските и други работни организации во развивањето на социјалната заштита; поради непотполно регулиранист статус на социјалната заштита и на нејзината материјална основа; поради недостигот на правни, материјални и организациони услови за спроведување на одделни прописи во социјалното законодавство; поради недоволно развиеното самоуправно договарање на работните луѓе и нивните асоцијации за политиката на развојот на социјалната заштита, за обезбедувањето и здружувањето на средствата за социјална заштита. Тоа се одразува врз нерационалното користење на расположивите материјални средства и доведува до неадекватен развој на установите и службите.

Занемарувањето на потребата општеството да ги решава задачите во оваа област на широка самоуправна општествена основа го забавува процесот на задоволувањето на социјалните потреби врз основа на солидарноста на луѓето и хуманизацијата на односите во општеството. Постоењето на сфаќање дека социјалната заштита е исклучително грижа на државните органи влијае врз задржувањето на тесно ресорски и административен став спрема оваа област.

Во повеќето општини паричните давања на материјално необезбедените лица се ниски, не им одговараат секаде на материјалните можности на општините и постојат значителни разлики помеѓу општините во поглед на височината на паричните и другите материјални давања. Бавно се прифаќаат иницијативите за развивање форми на заштита што ги поттикнуваат и ги оспособуваат корисниците макар делумно самостојно да обезбедуваат средства за живот.

Средствата за социјална заштита, и покрај номиналниот пораст, не го следат движењето на националниот доход и растежот на буџетската потрошувачка. Формирањето на фондовите на социјалната заштита позитивно се одразува врз финансирањето на општествените потреби во оваа област. Меѓутоа, сé уште средствата на фондовите исклучително или претежно се обезбедуваат од буџетот, а недоволно се поттикнува воспоставувањето на механизмот на финансирањето врз основите на општественото договарање. Заостанува и меѓуопштинската

соработка во оваа област. Бавно се развива процесот на општеството во спречувањето на настанување панските и други работни организации и нивните асоцијации во утврдувањето и спроведувањето на политиката на развојот на социјалната заштита во комуната. Во таквите односи се стеснува кругот на солидарноста и материјалната основа на социјалната заштита.

Имајќи предвид дека непосредната детска заштита е важна област на превентивната активност на општеството во спречувањето на настанувањето и во решавањето на социјалните проблеми на децата, Сојузната скупштина констатира дека и покрај мошне значајните резултати остварени во еден број општини постои изразито заостанување и нерамномерност во развојот на општествената заштита на децата во целост. Со донесувањето на Општиот закон за финансирање на определени форми на општествена заштита на децата се обезбедени постојани извори за финансирање на детската заштита, со што се создадени услови за постојано проширување на материјалната база на оваа област. Со воспоставувањето на цензусот на приходите во републичките прописи, како услов за користење на правото на додаток на деца, дојде до радикално намалување на бројот на уживателите на ова право, додека, едновремено, не се остварија претпоставките за зголемување на средствата за непосредна детска заштита, бидејќи се намалуваше вкупната стапка на придонесите за непосредна детска заштита и за додаток на деца. Во истиов период значително се намалени вкупните општествени средства за детска заштита. Така, во голем број општини дојде до намалување на средствата од буџетите на општините, од фондовите на заедниците на образованието и на заедниците на здравственото осигурување кои порано беа извори за финансирање на детската заштита во комуната. Врз тоа влијаеше и непостоењето на програми за развој на детската заштита во најголем број општини, поради што, исто така, доаѓа до ненаменско и нерационално трошење на средствата.

Поради недоволното издвојување на општествени средства за непосредната детска заштита заостанува остварувањето на општествените настојувања, постепено и во согласност со економскиот развој во оваа област да се отстрануваат разликите во положбата на децата со пошироко применување на начелата на распределбата спрема потребите и да се создаваат трајни услови за опфаќање со општествена заштита на сите деца.

Бројот, капацитетите и кадрите на социјалните установи за возрасни, особено за децата и младината значително заостануваат зад општествените потреби.

Изразити се разликите во спроведувањето на семејното законодавство, а посебно на старателството, како и во остварувањето на правото на рехабилитација на инвалидните деца и младината на мерките спрема малолетниците предвидени во кривичното законодавство.

Старателството, како најзначајна форма на социјална заштита на децата без родителска грижа, не се применува адекватно и во согласност со својата општествена функција во многу општини, а особено во општините во кои работите на старателството не ги врши соодветна стручна служба.

Сé уште недоволно се поттикнува примената на усвојување, како најповолен вид заштита на децата без родителска грижа.

Семејното сместување на децата без родителска грижа, покрај несомнено позитивните резултати во многу општини, во повеќето републики се врши без примена на стручна социјална работа во изборот на семејство и во стручниот надзор над условите под кои сместените деца живеат и се воспитуваат.

Сместувањето на децата без родителска грижа во домовите е еден од позначајните видови на згрижување на овие деца. Меѓутоа, незадоволителна е состојбата на мрежата на капацитетите и стручните кадри на овие установи. Не се утврдени профили на овие установи според структурата на корисниците.

Во социјалната заштита на инвалидните деца и младината, и покрај видните резултати, не се создадени неопходните материјални, правни и организациони услови и соодветни стручни кадри за задоволување на општествените потреби во оваа област. Правото на рехабилитација по основ на инвалидско осигурување што го имаат инвалидните деца на осигурениците не е регулирано за инвалидните деца на другите граѓани. Во сите републики и покраини заостанува категоризацијата и развојот на соодветните форми на заштита за оспособување односно згрижување на инвалидните деца. Значителен број од овие деца кои се категоризирани не се вклучени во процесот на рехабилитацијата. Тоа, покрај другото, е последица од недоволниот број и недостигот на соодветни установи за рехабилитација и на стручни кадри, како и од недоволната координација на надлежните фактори во утврдувањето на политиката, програмата на развојот, приоритетот и организацијата на трудот во оваа област.

Социјално-заштитниот карактер на мерките спрема малолетниците предвидени во кривичното законодавство често не доаѓа до израз во практиката. Недостигаат установи за воспитување на малолетници што се пропишани во кривичното законодавство; недоволно се остварува содејството на сите органи и служби што учествуваат во извршувањето на воспитните мерки и на превенцијата воопшто. Особено заостанува работата во воспитните установи врз стручното образование на малолетниците, а во фазата на вклучувањето на малолетниците во живот по излегувањето од овие установи не се спроведуваат неопходните мерки на социјалната заштита и превентива. Поради тоа и поради недоволната превентивна активност на образовните установи и општествените организации, поради малиот број специјализирани институции и други установи за превентивна активност, поради недоволното учество на средствата на масовните комуникации во поттикнувањето на јавното мислење за борба против воспитната запуштеност и деликвенцијата на малолетниците, изостанува очекуваното решавање на овие проблеми.

Стагнира развојот на домови и интернати за деца и младина кои се школуваат вон од местото на престојот. Состојбата на постојните домови и интернати, главно, не задоволува.

Постигнатите резултати во областа на заштитата на остарени лица ја потврдуваат оправданоста на општествените иницијативи за основање специјализирани социјални и социјално-здравствени институции и за развивање разновидни форми на општествена грижа за остарените граѓани во градот и на село. Меѓутоа, сé уште е мал бројот на овие установи, тие не се категоризирани, многу од нив се слабо опремени и неадекватно размештени.

Изостанаа пошироки општествени иницијативи и мерки со долгорочно дејство за спречување на ширењето и за решавање на социјално-патолошките појави и проблеми што се во пораст (проституција, алкохолизам, наркоманија и др.).

Во спроведувањето на социјалната заштита Југословенскиот црвен крст, Сојузот на слепите на Југославија, Сојузот на глувите на Југославија, Сојузот на друштвата за помош на ментално недоволно развиените лица во Југославија и другите општествени организации, покрај општествено-политичките организации, извршуваат корисни општествени задачи. Во овие организации и во рамките на активноста на центрите за социјална работа и на месните заедници се развиваат разни форми на социјално-хуманитарни активности на граѓаните. Меѓутоа, интензитетот и вклучувањето на граѓаните во овие активности сé уште заостанува зад општествените потреби на развојот на социјалната заштита врз самоуправни основи.

Научното истражување сé уште не се користи доволно како во утврдувањето на политиката за

развојот на социјалната заштита, така и во засновањето на практичната работа во оваа област.

II

Оценувајќи го значењето и обемот на социјалните потреби и проблеми и нивното влијание врз остварувањето на целите на социјалистичката изградба, Сојузната скупштина смета дека е неопходно, наспоредно со напорите што се прават за остварување на целите на реформата во материјалното производство и во другите области на општествениот живот и труд, да се преземаат и соодветни општествени мерки, посебно во социјалната политика и во социјалната заштита и при тоа да се тргнува од следниве општи ставови:

1. Социјалистичкото општество е сопоставено не само со социјалните проблеми што извираат од наследената општа неразвиеност и нерамномерност на развитокот, од објективните тешкотии за нивното побрзо совладување и отстранување и од субјективните слабости во остварувањето на општествените ставови на овој план, туку во новите општествени и економски услови постојано се сопоставува со нови социјални појави и проблеми што ја следат индустријализацијата, урбанизацијата, миграционите движења и современиот начин на животот и работата.

Во нови форми и димензии се изразуваат општествените потреби за давање помош на семејството во вршењето на неговата функција, за решавање на социјалните проблеми што произлегуваат од незапосленоста и економската миграција, од аграрната пренаселеност во одделни подрачја, за решавање на социјалните проблеми што настануваат поради различните услови и можности во стекнувањето на средства и за оспособување за живот и сл.

2. Социјалната политика и социјалната заштита како нејзин дел, стануваат сé порешавачки фактори во развојот на производните сили и општествените односи со тоа што, придонесувајќи непосредно за спречување на настанувањето и за решавање на социјалните проблеми, ги остваруваат целите на социјалистичкото општество во поглед на положбата на човекот, сестраниот развој на човечката личност, обезбедувањето на социјалната и економската сигурност на човекот и на хуманизацијата на човечките односи во општеството во целост.

3. Во условите на дејствувањето на законитостите на пазарот, социјалистичкото општество бара свесна насоченост кон ублажување на нерамномерностите и кон отстранување на растројствата што се создаваат во задоволувањето на животните потреби на луѓето со вградување на социјалните корективи во областа на личниот и општествениот стандард врз основите на солидарност и заемност, во согласност со материјалните можности на општеството.

4. Општествената заедница, со мерките на развојната политика во рамките на општествено-политичкиот систем, обезбедува усогласување на социјалната политика со тековите на развојот на стопанството и другите области. Тоа бара при познатите промени во општествено-економскиот систем да се согледуваат и да се оценуваат можните социјални последици од тие промени и, наспоредно, да се преземаат соодветни мерки.

5. Во спроведувањето на социјалната политика посебно нагласена превентивна социјално-заштитна функција имаат: заштитата на семејството и мајчинството, непосредната детска заштита, заштитата на инвалидните лица, запослувањето, социјално-заштитните елементи во станбената политика, решавањето на социјалните проблеми во боречката заштита, примената на воспитни мерки спрема малолетниците, општествената грижа за животните услови на студентите и учениците.

6. Социјалната заштита треба да се развива во систем на организирани општествени дејности, со соодветни служби, установи, материјална и правна основа.

Сите учесници во спроведувањето на социјалната заштита треба да вложуваат постојани напори социјалната заштита да се оспособи и ефикасно да дејствува во вонредни околности, како што се елементарни несреќи или непогоди и сл.

7. Социјалната заштита, како област на социјалната политика, претставува непосреден интерес и обврска на сите општествени фактори. Сите области на општествениот труд треба да придонесуваат за обезбедување на условите за остварување на целите и задачите на социјалната заштита, а нивните обврски и содејство во оваа смисла мораат да бидат поопределено утврдени во рамките на развојната политика на општеството и во согласност со потребите и реалните материјални и други можности на тие области и на општеството во целост. Тоа, пред сé, бара постојана доградба и усовршување на социјално-заштитните елементи во прописите на целокупниот правен систем.

8. Во самоуправните општествени односи работните луѓе и другите граѓани, нивните самоуправни асоцијации и собранијата на општествено-политичките заедници, го поттикнуваат развојот на социјалната заштита и непосредно одлучуваат и се грижат за обезбедување на материјалните и другите услови за остварување на општествените задачи во областа на социјалната заштита по пат на самоуправно договарање

9. Носителите на социјалната заштита: општествено-политичките заедници, стопанските и други работни организации, во соработка со општествените и стручните организации и здруженија, во рамките на своите права и надлежности, ја утврдуваат политиката на социјалната заштита, ги одредуваат состојбите на социјалната потреба, корисниците, формите и обемот на социјалната заштита, материјалните и другите услови за нивното остварување, зависно од специфичноста на потребите, од материјалните и други можности, а врз основа на самоуправното договарање, програмите и планот на општествениот развој.

10. Општествено-политичките заедници задолжително им обезбедуваат заштита на граѓаните кои се неспособни за работа а немаат средства потребни за издршка, на малолетниците за кои родителите не се грижат и на други лица кои не се во можност сами да се грижат за себе и за заштита на своите права и интереси.

На лицата што се неспособни за работа а немаат средства за издршка, заштитата треба да им се укажува во форма и обем на давања и услуги со кои ќе обезбедуваат основните животни потреби на овие лица. Средствата за овие потреби ги обезбедуваат општествено-политичките заедници од своите приходи.

Општите критериуми за давање социјална заштита на овие лица треба да се усогласуваат по пат на заемно и општествено договарање на општините и пошироките општествено-политички заедници.

11. Формите на социјална заштита треба да бидат научно засновани и усогласени со начелата на општествено-политичкиот систем, со целите на социјалната политика и со функцијата на социјалната заштита, со правните, културните, материјалните и други услови на општествената средина во која се остварува социјалната заштита, како и да бидат рационални и ефикасни.

При установувањето и непосредната примена на формите на социјална заштита треба да се тргнува од принципите на хуманизмот и солидарноста и од становиштето: дека давањето на социјална заштита е интерес и обврска на општествената заедница; дека целта на давањето помош е човекот да се стимулира, пред сé, да земе активно учество во совладување на сопствените тешкотии и да се вклучи во нормалниот општествен живот спрема сочуваноста на своите способности и според можностите на општествената средина. Во поглед на инвалидните лица, покрај користењето за оваа цел на специјализирани заштитни работилници, републиката со закон го проширува бројот на работните места и работите на кои претежно или исклучително работат инвалидни лица.

12. Во остварувањето на правото на социјална заштита претходно треба да се користат, спрема карактерот на состојбата на социјалната потреба, сите постојни можности и обврски како на семејството така и на другите за тоа одговорни и надлежни општествени субјекти (стопански и други работни организации, служби за запослување, социјалното осигурување, здравственото осигурување, образованието и др.).

III

Сојузната скупштина смета, дека за остварување на општите ставови изразени во оваа резолуција за натамошниот развој на социјалната политика и на социјалната заштита како нејзин дел е потребно да се тргнува од следново:

1. Материјалната основа на социјалната заштита треба да биде усогласена со значењето што таа го има во задоволувањето на социјалните потреби, бидејќи за тоа е заинтересирано целото општество.

1/1. Финансиски средства за социјалната заштита обезбедуваат општествено-политичките заедници, самоуправните интересни заедници, работните и други организации и граѓаните.

1/2. Општествено-политичките заедници се должни да обезбедуваат, врз самоуправни основи, трајни и сигурни извори на приходи за социјалната заштита и организациони форми за здружување на средствата од разни извори и за нивното планско трошење во согласност со потребите.

1/3. Општината, како основна општествено-политичка заедница, носител и организатор на напорите за подигање на личниот и општествениот стандард, има право и должност да ја обезбеди материјалната основа на социјалната заштита на своето подрачје. Со својот статут и други нормативни акти ќе го утврди начинот на обезбедувањето и користењето на средствата за социјална заштита.

1/4. Во сегашнава фаза на развојот на социјалната заштита буџетот на општествено-политичката заедница (општината) останува и натаму како еден од важните извори за финансирање на социјалната заштита и при здружувањето на средствата за социјална заштита на подрачјето на комуната. Во интерес на стабилноста на материјалната основа на социјалната заштита, општествено-политичките заедници пошироко треба да ја користат можноста со свои нормативни акти да утврдат дел од своите вкупни приходи или одделни свои приходи како постојани извори на средства за социјална заштита. Тука доаѓаат предвид особено: дел од придонесот од личниот доход од работниот однос, дел од приходот од паричните казни за разни прекршоци, дел од данокот на вкупниот приход на граѓаните, од данокот на промет на алкохолни пијачки, од данокот на промет на луксузна стока, од данокот на доходите во игрите на среќа, данокот на наследство и сл. Обемот на тие средства во определен плански период треба да ја следи динамиката на порастот на вкупните приходи на општините.

1/5. Во рамките на овластувањата дадени со Уставот општествено-политичките заедници можат да утврдат посебен придонес за социјална заштита чија височина на стапката би се утврдувала по пат на самоуправен договор.

1/6. Покрај насочувањата на овие извори нужно е да се создаваат и поповолни услови за користење на кредитните средства, посебно за развој на установите за социјална заштита.

1/7. За остварување на најшироката општествена основа за обезбедување на финансиските и други средства за социјалната заштита, како основна претпоставка за извршување на функциите на општеството во оваа област, треба да се ангажираат и средствата на стопанските и други работни организации, на граѓаните и самоуправните интересни заедници. Со прописи и други акти треба да се обезбеди заедница за средствата што се даваат за социјална заштита. Исто така, со прописи треба да се регулираат случаите на установување придонеси за социјални акции што можат да ги преземат општествено-хуманитарни организации („Детска недела" и сл.).

1/8. Стопанските и други работни организации обезбедуваат средства за задоволување на потребите и за вршење на формите на социјална заштита во еден дел во рамките на работната организација, а во другиот дел со здружување на своите средства со средствата на другите општествени фактори на подрачјето на комуната и на заедниците на комуните. Со тоа се поттикнува и проширува кругот на солидарноста во решавањето на заедничките потреби на работниците и другите граѓани и се зајакнува материјалната основа на социјалната заштита во комуната.

1/9. Со цел за што поголемо учество на работните организации во задоволувањето на потребите на социјалната заштита во комуната, мора да се обезбеди непосредно влијание на работниците врз утврдувањето на политиката на развојот на социјалната заштита и врз трошењето на финансиските средства. Во тие односи треба да бидат задоволени потребите на работниците и интересите на производството.

1/10. Фондовите на здравственото и на другите гранки на социјалното осигурување, заедницата на образованието, фондовите за непосредна детска заштита и за додаток на деца, заедниците за запослување и другите самоуправни заедници уште повеќе материјално треба да учествуваат и да соработуваат во остварувањето на оние видови социјална заштита што придонесуваат за спречување на настанување на социјалните проблеми. Освен тоа, треба да учествуваат и во финансирањето на определени здравствени, образовни, воспитни, рехабилитациони и други дејности во рамките на определени установи и во финансирањето на одделни форми на социјална заштита, што треба да се регулира со самоуправните акти на овие заедници односно фондови.

1/11. Обезбедувањето на финансиските средства за социјална заштита на најширока општествена основа бара да се користат и други форми на собирање на средства по пат на фондации, завештавање имот, легати и доброволни прилози. Треба јавно да се истакнува и да им се одава должно признание на организациите и на одделни граѓани што за овие цели го прилагаат својот имот и средства. Потребно е да се обезбеди наменско користење на средствата од овие извори, како и да се испита судбината на досегашните фондации, завештенија на имоти и легати и правно да се регулира нивната првобитна намена. Треба да се развива и да се поттикнува склучувањето на договори и други форми на меѓусебни аранжмани помеѓу корисниците на социјалната заштита и социјалните установи и општините за доживотно давање услуги или за материјална издршка со отстапување имот.

1/12. Здружување на средствата наменети за социјална заштита можно е и целесообразно да се остварува и преку трајни и привремени меѓуопштински аранжмани заради основање и финансирање на установите, службите и органите на социјалната заштита (меѓуопштински центри за социјална работа, домови за остарени лица и пензионери, органи за старателство, комисии за категоризација на децата попречени во психичкиот и физичкиот развиток и сл.), или заради финансирање на одделни заеднички акции и мерки во социјалната заштита за кои се заинтересирани неколку општини (соработка во изработката на програми и планови, и сл.).

1/13. Републиките и покраините треба да обезбедуваат потребни и сигурни средства за вршење на постојаните функции и за решавање на задачите на социјалната заштита од општ интерес за целото подрачје на републиката или покраината. Со финансиските средства на републиките односно на покраините за социјална заштита, првенствено, треба да се обезбедува основањето и финансирањето на мрежата установи кои по својата функција се од интерес за републиката односно покраината, како

на пример: установи за деца и младина без родителска грижа, некои воспитни установи за малолетни лица, установи за потешко и умерено ментално заостанати деца и младина, финансирањето на истражувачката работа во оваа област и на институциите што со тоа се занимаваат, на стручниот надзор над работата на општинските установи и служби на социјалната заштита и организираната помош во развивањето на овие установи и служби и сл.

1/14. Принципот на солидарноста во обезбедувањето на материјалната основа на социјалната заштита треба да дојде до израз во рамките на сите општествени структури. Овој принцип треба да се применува и да се развива особено за извршување на задачите на општините и за спроведување на социјалната заштита на подрачјата што не се во можност да обезбедат за тоа свои средства, спрема членот 100 од Уставот на СФРЈ.

1/15. Федерацијата во рамките на системот на финансирањето на општествено-политичките заедници, при определувањето на обемот на додатните средства на општествено-политичките заедници ќе ја има предвид и потребата од надминување на поизразитото застанување во областа на социјалната заштита во недоволно развиените републики и покраини.

2/1. Социјалната заштита се организира и се спроведува во согласност со потребите и можностите на општеството и со достигањата на науката, а врз база на програмите за развој на социјалната заштита. Програмите за развој ги донесуваат, во согласност со начелото на општественото договарање општествено-политичките заедници, самоуправните интересни заедници, работните и други организации, социјалните установи и нивните здруженија.

2/2. Од посебно значење е развојот на социјалната заштита да стане составен дел на општественото планирање и таа да се развива врз основа на програмите на сеопштествените мерки за спречување на настанување на социјалните проблеми и за нивното решавање, како и за задоволување на општествените потреби во оваа област. Од тоа треба да произлегуваат програмите за развој на мрежата на установите за социјална заштита и програмите за образование на кадрите, за ангажирање на општествени и други средства.

3. Социјалната заштита ја спроведуваат општествено-политичките заедници, самоуправните интересни заедници, месните заедници, стопанските и други работни и општествени организации, работните организации за социјална заштита и граѓаните.

3/1. Општествено-политичките заедници, секоја во рамките на своите права и должности, треба да се грижат за спроведување, организирање и успешно функционирање на социјалната служба на својата територија и да обезбедуваат вршење надзор во поглед на стручноста на работата на работните организации и работниците на социјалната заштита. Општествено-политичките заедници сами треба да покренуваат и да ги подржуваат иницијативите на граѓаните, работните и другите организации и да создаваат можности за полна афирмација на самоуправното одлучување и општественото договарање на работните луѓе и граѓаните во преземање акции и мерки за решавање на социјалните проблеми, за утврдување на политиката на развојот и за обезбедување материјална основа на социјалната заштита.

3/2. Со своите нормативни акти општината поблиску ги утврдува своите обврски во поглед на спроведувањето на социјалната заштита и начинот на финансирањето на потребите во оваа област.

3/3. Самоуправниот механизам на месната заедница повеќе треба да се користи како најпогодно место за покренување иницијативи и за решавање на определени социјални проблеми. Тие треба да имаат непосредна улога во поттикнувањето на самоуправното договарање за задоволување на потребите на работните луѓе и граѓаните со сопствени средства и со средствата што ги издвојуваат општините. Месните заедници треба да ја развиваат доброволната работа во социјалната заштита и сé повеќе да стануваат потпора на комуната во согледувањето и решавањето на актуелните проблеми во оваа област.

3/4. Републиките и покраините треба да ги поттикнуваат и помагаат општините во извршувањето на задачите во областа на социјалната заштита, а со своите општествени планови, прописи и други мерки да го обезбедуваат и усогласуваат развојот на социјалната заштита на својата територија. Републиките и покраините во рамките на своите права и должности, ја регулираат особено: заштитата на семејствата чии хранители се наоѓаат на задолжителна воена служба во ЈНА, заштитата на жртвите од фашистичкиот терор и граѓанските жртви од војната, додатокот на деца и непосредната детска заштита, правата на социјалната заштита, статусот и видовите на работните организации за социјална заштита, рехабилитацијата на децата попречени во психофизичкиот развиток, социјалниот домицил, обврската за програмирањето и техниката на евиденцијата во областа на социјалната заштита и друго. Републиките и покраините непосредно се грижат за работите во областа на социјалната заштита што се од поширок општествен интерес, како што се: установувањето на образовните установи за социјални работници, организирањето на научноистражувачката работа, обезбедувањето на стручен надзор, учеството во изградба на установи од интерес за пошироките подрачја и сл.

3/5. Федерацијата, во согласност со своите права и должности, првенствено ја регулира положбата на малолетниците во кривичното законодавство, односите во семејството, по усвојувањето, старателството и заштитата на семејствата чии хранители се наоѓаат на задолжителна воена служба во ЈНА, ги определува општите начела за социјалната заштита во целост или за одделни видови социјална заштита, за рехабилитацијата на инвалидните лица, посебно на децата, за финансирањето на определени форми на општествена заштита на децата, за социјалниот домицил и за статистиката и евиденцијата во областа на социјалната заштита од интерес за целата земја и за потребите на федерацијата. Федерацијата учествува во спроведувањето на меѓународните договори од областа на социјалната заштита, во финансирањето на научно-истражувачката работа и одредените програми и акции во областа на социјалната заштита од интерес за целата земја.

4. Стопанството, образованието, здравството, службата за запослување, правосудството, социјалното осигурување и другите дејности ја развиваат социјалната работа во рамките на својата дејност.

4/1. Службата на социјалната заштита во стопанските работни организации има задача да ја проучува и следи состојбата и движењето на социјалните потреби и да им ги прикажува на органите на самоуправувањето заради адекватно трошење на средствата наменети за заедничка потрошувачка и на сите мерки што работната организација може да ги преземе за зачувување и подобрување на животните и работните услови и работната способност на своите работници. Во тесна соработка со другите служби и организации во претпријатието или надвор од него во комуната, оваа служба на стручен начин учествува во спроведувањето на грижата на работната заедница за заштитата на децата на работниците, за исхраната, за живеењето во станови, за здравјето, за културата, за користењето на слободното време и рекреацијата, за приспособувањето кон физичките, техничките и социјалните услови на работата, за заштитата на работниците на работното место, а посебно на жените, како и на децата додека родителите им се на работа, за заштитата на работниците кои далеку имаат стан и секојдневно патуваат до работното место. Исто така, оваа служба учествува во проучувањето и решавањето на проблемите на инвалидите на трудот, на социјалните аспекти на боледувањата, повредите при работата, на професионалните заболувања, алкохолизмот и сл.

4/2. Воспитно-образовната установа, како општествена средина во која непосредно се појавуваат разни проблеми на учениците (материјална необезбеденост, попреченост во психофизичкиот развиток, воспитна запуштеност, емоционални тегоби и неприлики во семејство итн.), треба да учествува во откривањето и да дава иницијатива за решавање на тие проблеми, а особено на оние што непосредно го попречуваат воспитно-образовниот процес. Службата на социјалната работа во образовната установа врши работа на стручно и систематско откривање и следење на социјалните проблеми на учениците и давање непосредна помош во рамките на училишните можности и во соработка со соодветните органи и другите фактори на комуната заради нивното решавање.

4/3. Во здравствените установи службата за социјална работа има задача да придонесува за утврдување на социјалните причини и последици на заболувањата, да им укажува стручна помош на болните во решавањето на социјалните проблеми настанати во врска со нивната болест, во одржувањето на врските со нивните семејства и со средината од која доаѓаат, а, исто така, и помош заради нивното вклучување во редовниот општествен живот и работа по излекувањето.

4/4. Општествените, посебно социјално-хуманитарните организации, сé повеќе треба да се ангажираат во остварувањето на социјалната зштита. Овие организации и во иднина треба да продолжат и пошироко да ја развијат својата активност и да придонесуваат за развивањето на социјалната заштита и социјалната работа, во што би требало да имаат полна поддршка и материјална помош од општествено-политичките заедници и работните организации. Овие организации треба да настојуваат да организираат и развиваат, во рамките на месните заедници, доброволна работа на граѓаните во областа на социјалната заштита.

5. Дејноста на работните организации во областа на социјалната заштита треба да се регулира со закон како дејност од посебен општествен интерес и да се утврдат подрачјата во кои е задолжителна примената на стручната социјална работа.

5/1. Стручната служба за социјална работа во општините треба да се поврзува и да соработува со установите и органите на социјалната заштита, со другите специјализирани установи, со училиштата, со органите на просветно-педагошката служба, со месните заедници, со доброволните работници на социјалната заштита и со социјалните работници во стопанските организации, во здравствените установи, во заводите за социјално осигурување, во заводите за запослување на работниците, во судовите, во службите на јавната безбедност и сл. Оваа служба треба да стане координатор на стручната социјална работа во комуната и на нејзината интеграција.

Заради вршење на овие функции треба натаму да се развива мрежата на центрите за социјална работа, да се користат нивните досегашни искуства заради унапредување на организацијата и методиката на нивната работа. Општините што немаат можност да основат центри сами, треба да се здружуваат со другите општини заради основање на меѓуопштинските центри за социјална работа.

5/2. Треба да се вложуваат напори побрзо да се развива мрежата на социјалните установи врз основа на потребите утврдени со планот. При тоа треба да се настојува по пат на разни форми на општествено договарање да се создаваат најрационални форми за поврзување на стручните служби на подрачјето на поголемите градови, републиките и покраините заради усогласување на програмите и плановите за развој на мрежата на овие установи. Треба да се забрза работата на категоризацијата и специјализацијата на установите за социјална заштита спрема нивните основни функции и категориите на корисниците, заради нивното функционално поврзување и поделба на трудот на пошироки подрачја. Тоа првенствено треба да се направи во рамките на мрежата на установите за деца без родителска грижа, за потешко инвалидни и ментално заостанати деца, за остарени лица и за воспитно запуштени деца. Некои видови социјални установи, што служат за потребите на пошироки региони, треба да се развиваат по пат на меѓурепубличко договарање и здружување на средствата (установи за потешко инвалидни деца, установи за рехабилитација).

5/3. Работните организации за социјална заштита треба да работат врз принципите на доходот и со договори со заинтересираните институции и граѓани да ги определуваат условите и цените на своите услуги. Цените на услугите во социјалната заштита, особено цените на услугите на установите, треба да бидат економски засновани. Републиките, покраините и општините би требало на социјалните установи да им воведат олеснувања во плаќањето на комуналните услуги и да ги ослободуваат од плаќање на одделни општествени обврски.

5/4. Сложеноста, чувствителноста и разновидноста на социјалните потреби и проблеми и неопходноста да се применуваат разновидни научни знаења, во нивното решавање бараат дејностите во социјалната заштита да се вршат по пат на стручна тимска работа со соодветни профили стручни работници кои според видовите на социјалните установи се за тоа потребни.

5/5. Наставните програми, степенот на образованието и обуката на социјалните работници треба да се приспособуваат кон потребите на социјалната работа во сите дејности.

6. За научно да може да се засновува интегрирањето на социјалната заштита во општествено-политичкиот систем и во општиот тек на развојот на нашето општество, неопходно е да се настојува со долгорочните програми на истражувањата на социјалниот развој на општествено-политичките заедници да се опфатат и долгорочните програми на истражувањата во областа на социјалната заштита.

6/1. Опирајќи се врз позитивните искуства, установите и службите што се занимаваат со истражување во социјалната заштита, треба да развиваат теориски пошироки долгорочни истражувања на социјалните проблеми и на условите за нивното решавање и да се насочуваат кон што непосредна практична примена на истражувачките резултати. Таа примена треба да биде битен предуслов за утврдување на политиката на социјалната заштита, за подготвување на правни прописи, програми и планови за социјалната заштита и концепции на посебни социјални акции и мерки, за усовршување на организацијата и методиката на дејностите во социјалната заштита, на стручното оспособување на кадрите, за популаризирање и ширење на социјално-политичката култура во општеството, за вршење на стручен надзор, за изработка на нормативи, упатства итн.

IV

Сојузната скупштина смета дека за остварување на начелата и целите во оваа резолуција во натамошниот развој е неопходно да се презема следново:

1. Ставовите и насоките изразени во оваа резолуција треба да бидат појдовна основа при утврдувањето на развојот на социјалната политика и на социјалната заштита како нејзин дел во општествените планови.

2. При ревизијата на сојузните, републичките и покраинските прописи што се однесуваат и на социјалната заштита и при кодификацијата на одделни области на правото што содржат или можат да содржат одредби од социјално-заштитен карактер, треба да се тргнува од ставовите и целите изразени во оваа резолуција. Ова особено се однесува на додатокот на деца и на непосредната детска заштита, на социјалното осигурување, на областа на работните односи, на заснувањето, на станбените односи, на извршувањето на мерките спрема малолетниците и на образованието.

3. Сојузната скупштина посебно укажува на потребата при кодификацијата и новелирањето на семејното законодавство да се имаат предвид потребите и барањата на општеството за установување и јасно дефинирање на обврските на општеството во давање заштита на семејството, децата и младината, а посебно на малолетниците без родителска грижа, за извршување на обврските на родителите спрема децата и на децата спрема родителите.

4. Со закон треба да се регулира социјалниот домицил и евиденцијата во областа на социјалната заштита за потребите на целата земја и на органите на федерацијата.

Тргнувајќи од хуманистичката суштина и целите на самоуправните социјалистички општествени односи изразени во ставовите и насоките на оваа резолуција,

земајќи го предвид значењето и улогата на социјалната политика и социјалната заштита во социјалистичкото самоуправно општество како составен дел на општествено-економските односи, степенот на нивната развиеност и потребите на општеството,

имајќи ја предвид потребата социјалната заштита да се развива во согласност со целите и остварувањата на социјалната политика, со развојот на самоуправните односи, со материјалните, културните, правните и други услови за развој на општеството, постепено да се вградуваат во оваа област и пошироко да се применуваат начелата на распределбата спрема потребите,

Сојузната скупштина им се обраќа на сите општествени сили да вложат напори за превентивна активност и трајно развивање на сите подрачја на оние општествени дејствувања во кои се обезбедува полн развој на човечката личност и се отстрануваат причините за настанување на социјалните проблеми и нивните последици и во таа смисла да ја организираат и насочат своја та активност за творечка примена на оваа резолуција.

Сојузната скупштина посебно им се обраќа на општествено-политичките заедници, на работните организации и нивните самоуправни тела, на собранијата на општините, покраините и републиките, на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, на синдикатите, на Сојузот на младината на Југославија, на друштвата за воспитување на децата на Југославија, на Југословенскиот црвен крст, на Конференцијата за општествена активност на жените на Југославија и на сите други општествени и социјално-хуманитарни организации и асоцијации на граѓаните да вложат напори и да ги обединуваат акциите за остварување на оваа резолуција.

Сојузната скупштина истакнува дека за остварување на оваа резолуција е неопходно и полно ангажирање на сите граѓани, како и ангажирање на сите средства за информирање.

Сојузниот извршен совет и надлежните сојузни органи ќе се грижат да се обезбедува изучувањето на одделните појави и проблеми и да се вршат неопходни анализи на состојбата во социјалната заштита и врз основа на тоа да се предлагаат мерки во согласност со ставовите изразени во оваа резолуција.

Сојузна скупштина

АС бр. 22
25 април 1970 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

Претседател
на Социјално-здравствениот
собор,
Љубиша Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на
народите,
Мика Шпиљак, с. р.

239.

Врз основа на членот 20 став 1, во врска со членот 13 став 1 и членот 16 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ ЗА АЛУМИНИУМ И ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ОД ПРЕРАБОТКА ВРЗ БАЗА НА АЛУМИНИУМ

1. Производителските работни организации можат да ги зголемат своите постојни продавни цени за алуминиум до следното ниво, и тоа:

за алуминиум во блок
(99,5 до 99,7% Al) до — — — 7.492 дин./t

Доплатувањата и одбивањата за квалитет и доплатувањата за валачнички формати се засметуваат во досегашните износи.

2. За леарски легури, валани, пресувани, влечени и леани производи од алуминиум и негови легури, за алуминиумски и Al-Fe јажиња и за производи на кабелската индустрија, производителските работни организации можат да ги зголемат своите постојни продавни цени сразмерно на зголемувањето на цените за алуминиум од точката 1 на оваа одлука и зголемувањето на набавните цени за легирачки метали (никел, силициум, магнезиум и сл.), според количината на алуминиумот односно легирачките метали потрошени за изработка на овие производи.

3. Цените од точ. 1 и 2 на оваа одлука се подразбираат со задржување на другите постојни услови на продажбата.

4. Цените формирани во смисла на оваа одлука можат да се променат, како затечени цени, по пат на спогодување на заинтересираните работни организации (производители и потрошувачи-купувачи), согласно одредбите на чл. 27 до 34 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат: Одлуката за определување на максималните цени за одделни производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/69 и 10/70) во делот кој се однесува на максималните цени на алуминиумот и на производите од преработка врз база на алуминиум, и Наредбата за максималните цени за алуминиум и одделни производи на преработка врз врз база на алуминиум („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/70).

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 69
29 април 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

240.

Врз основа на членот 26 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 12/69, 20/69, 50/69 и 55/69), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРИЛАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ КОИ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕ СМЕТААТ КАКО ПРЕТЕЖНИ ИЗВОЗНИЦИ

1. Во Одлуката за мерилата за утврдување кои стопански организации се сметаат како претежни извозници („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/66) во точката 1 став 1 зборовите: „извоз на стоки односно услуги" се заменуваат со зборовите: „извезени стоки односно извршени услуги".

2. Во точката 2 по зборовите: „остварените девизи" се додаваат зборовите: „за извезените стоки односно извршените услуги".

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 71
29 април 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

241.

Врз основа на членот 2 од Законот за посебните давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/68), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ ЗА КОИ ПРИ УВОЗОТ СЕ ПЛАКА ПОСЕБНА ДАВАЧКА

1. Во Одлуката за определување на земјоделските и прехранбените производи за кои при увозот се плаќа посебна давачка („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/68, 40/68, 54/68 и 21/69) во точката 1 по редниот број 244 се додаваат три нови редни броеви, кои гласат:

„245	053-50-45	Сок од грозје, непреврнен	20.07/4
246	054-50-40	Краставици, свежи	07.01/3д
247	112-40-32	Ракија друга (од џреши, поповача и сл.)	22.09/3".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 73
29 април 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

242.

Врз основа на членот 2 од Законот за одобрување регрес на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи на име разлика во каматната стопа („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/70), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ РЕГРЕС СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ОДОБРУВАЊЕ РЕГРЕС НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ НА ИМЕ РАЗЛИКА ВО КАМАТНАТА СТОПА

1. Регресот предвиден со Законот за одобрување регрес на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи на име разлика во каматната стопа, ќе се користи за покривање на разликата во каматната стопа на начинот и според постапката што се определени со оваа одлука.

2. Регресот од точката 1 на оваа одлука се исплатува од средствата распоредени во сојузниот буџет за 1970 година во разделот 13 — Сојузен секретаријат за стопанство, и тоа: за интервенции во стопанството, во позицијата 187 (16-2-21), во износ од 19.800.000 динари и за буџетски обврски од поранешните години, во позицијата 195 (17-2), во износ од 39.600.000 динари, што ќе се пренесат на жиросметката на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи.

3. Право на покритие на разликата помеѓу каматата по стопа од 3% и каматата по стопа од 7% имаат житарско-мелничките претпријатија и други организации што се занимаваат со промет и преработка на жито на големо, на кредитите за обртни средства од 1 јануари 1969 до 31 декември 1970 година што ги користеле за откуп на пченица од домашно производство.

4. Работните организации од точката 3 на оваа одлука го остварува правото на надоместок на разликата во каматата со поднесување барање до Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи.

5. Кон барањето за одобрување на надоместокот на разликата во каматата корисниците прилагаат:

1) препис на стоковната картичка на работната организација за количината и вредноста на купената и продадената пченица од 1 јануари 1969 до 31 декември 1970 година. Преписот на стоковната картичка се прилага посебно за 1969, а посебно за 1970 година и тој мора да биде заверен од органот на работната организација определен со нејзиниот општ акт;

2) каматен лист на деловната банка што го заверила надлежната организациона единица на Службата на општественото книговодство. Таа организациона единица, во смисла на членот 9 од Законот за Службата на општественото книговодство, ќе склучи договор со работната организација од точката 3 на оваа одлука за надоместокот за извршената контрола на каматниот лист, на кредитната партија и на стоковната картичка на работната организација;

3) препис на кредитната партија за залихите на пченица, која се води кај банката на посебно аналитичко конто.

6. Кога Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи ќе утврди дека барањето за покритие на надоместокот на разликата во каматата, во поглед пресметката и потполноста на документацијата е исправно, го одобрува износот на разликата во каматата во корист на жиро-сметката на корисникот, а на товар на сметката бр. 608-789-130-3 — Сојузна дирекција за резерви на прехранбени производи, Белград.

7. Барањето за покритие на надоместокот на разликата во каматата, со потребната документација, работните организации ѝ го поднесуваат на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи до 15 јануари 1971 година по кој ден Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи нема да прима барања по овој основ.

8. Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок работна организација или друго правно лице ако поднесе неточно барање и невистинита документација кон барањето за покритие на надоместокот на разликата во каматата.

За прекршокот од ставот 1 на оваа точка ќе се казни и одговорното лице во работната организација или во друго правно лице со парична казна до 1.000 динари.

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 70
29 април 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

243.

Врз основа на членот 9 став 3 од Законот за извршување на сојузниот буџет за 1970 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 56/69 и 15/70), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ ВО 1970 ГОДИНА НА ПРИХОДИТЕ ШТО СОЈУЗНИОТ ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ ЗАВОД ГИ ОСТВАРУВА СО ВРШЕЊЕ УСЛУГИ

1. Приходите што Сојузниот хидрометеоролошки завод ги остварува со вршење на работите од членот 12 на Основниот закон за хидрометеоролошката служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65 и 27/69) во 1970 година може да ги користи, преку посебна сметка, како средства за посебни намени.

2. Остварените приходи на посебната сметка служат за надоместоци за работа и за намирување на материјалните трошоци врзани за вршењето на работите од точката 1 на оваа одлука, како и за одржување на стара и за набавка на нова опрема и инструменти.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите и начинот на користење на средствата што Сојузниот хидрометеоролошки завод ги остварува со вршење услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/66).

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 72
29 април 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

244.

Врз основа на членот 8 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65 и 12/67), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ОМИШАЉ—РИЕКА ЗА МЕЃУНАРОДЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница се определува постојан граничен премин за меѓународен воздушен сообраќај Омишаљ—Риека.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 74
29 април 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

245.

Врз основа на членот 194, во врска со чл. 193 и 272 од Законот за Југословенската народна армија („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/64 и 57/65), државниот секретар за народна одбрана пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Во Правилникот за условите и начинот за доделување еднократна парична помош („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/65 и 33/67) членот 11 се брише.

Член 2

Во членот 13 ставот 3 се брише.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. в. п. бр. 32
22 април 1970 година
Белград

Државен секретар за
народна одбрана
генерал-полковник,
Никола Љубичиќ, с. р.

246.

Врз основа на членот 28 од Законот за утврдување на способноста за пловидба на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/64 и 47/65), сојузниот секретар за стопанство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТОВАРНИТЕ ЛИНИИ НА ПОМОРСКИТЕ БРОДОВИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заради определување на најголемото дозволено газење на брод на Југословенската трговска морнарица (во понатамошниот текст: поморскиот брод), со одредбите на овој правилник се утврдуваат начинот и постапката при определувањето на товарните линии на поморските бродови и на посебните товарни линии на поморските бродови за пловидба во определени географски појаси и подрачја и во определени раздобја на годишните времиња.

Одредбите на овој правилник не се однесуваат на поморските бродови наменети за спорт и разонода, ако не се користат за стопански цели и не превезуваат повеќе од 12 патници.

Член 2

Одделните изрази употребени во овој правилник ги имаат следните значења:

1) слободен бок е вертикалната оддалеченост мерена на средината на должината на поморскиот брод од горниот раб на линијата на палубата до горниот раб на односната товарна линија;

2) постоен поморски брод е брод чија кобилица е положена пред 25 јануари 1969 година или кој во тој период бил во сличен стадиум на изградба;

3) нов поморски брод е брод чија кобилица е положена на 25 јануари 1969 година или по тој ден односно кој во тој период бил во сличен стадиум на изградба;

4) должина значи 95% од целата должина на поморскиот брод на онаа водена линија која се наоѓа на оддалеченост од горниот раб на кобилицата еднаква 85% од најмалата бочна височина мерена од горниот раб на кобилицата, односно оддалеченоста од предниот раб на клуновата гредулка до оската на кормилото на иста водена линија, ако таа оддалеченост е поголема;

5) меѓународно патување е патување со поморски брод од која и да било југословенска лука во странска лука или обратно;

6) патнички поморски брод е брод кој превезува повеќе од 12 патници;

7) рибарски поморски брод е брод кој непосредно се користи за ловење риби, китови, моржеви, фоки или други живи морски животни;

8) едрењак е поморски брод кој има едра од доволна површина кои му овозможуваат пловидба, исклучително со едра, без оглед дали има механичко пропулзивно средство;

9) патник е секое лице на поморски брод, освен: член на посада, друго лице запослено на брод во кое и да било својство за потребите на бродот и дете помладо од една година.

Член 3

Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови што не вршат меѓународни патувања, на новите поморски бродови чија должина изнесува помалку од 24 метра, на постојните поморски бродови чија тонажа е помала од 150 BRT и на рибарските поморски бродови што вршат меѓународни патувања, на кои бродови не се применуваат одредбите на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, мораат да се усогласат, ако е тоа разбирливо и практично можно, со одредбите на таа конвенција.

II. УСЛОВИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТОВАРНИТЕ ЛИНИИ

Член 4

Југословенскиот регистар на бродовите, согласно членот 10 став 3 од Законот за утврдување на способноста за пловидба на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба, му ја определува на поморскиот брод товарната линија односно товарните линии под следните услови:

1) ако ги исполнува условите на општата цврстота на конструкцијата за газењето на брдот кое му одговара на определениот слободен бок;

2) ако ги исполнува пропишаните услови на стабилноста за кое и да било газење до најмалку определениот слободен бок за морска вода;

3) ако, под услов да се однесува на него Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, ги исполнува условите предвидени со одредбите на таа конвенција;

4) ако ги исполнува условите предвидени со Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови;

5) ако ги исполнува условите предвидени со одредбите на прописите за заштитните мерки на поморските бродови, што се однесуваат на палубните огради и минувалиштата за посадата од станбените простории до просторите во кои се сместени машините и до другите работни места на бродот.

Член 5

При определувањето на товарната линија односно на товарните линии се претпоставува дека сместувањето на товарот и баластот на поморскиот брод се такви што да обезбедуваат стабилност на бродот и да не предизвикуваат прекумерно напрегање на конструкционите делови на бродот. Бродарот е должен на заповедникот на поморскиот брод да му даде податоци што ќе му овозможат:

1) товарот и баластот да ги смести на бродот така што да се избегнат прекумерни напрегања на конструкционите делови на бродот;

2) да ја оцени стабилноста на бродот при различни услови на искористување на бродот.

Согласно членот 2 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/67), Југословенскиот регистар на бродовите:

1) ги одобрува податоците што бродарот во смисла на ставот 1 од овој член е должен да му ги даде на заповедникот на бродот;

2) може да определи дека бродарот не е должен да му ги даде податоците на заповедникот на бродот во смисла на ставот 1 точка 1 од овој член, ако оцени дека таквите податоци не се потребни со оглед на должината, конструкцијата или типот на бродот.

Член 6

Подносителот на барањето за определување на товарната линија односно товарните линии на поморскиот брод мора да му ја достави на Југословенскиот регистар на бродовите техничката документација предвидена во Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови.

Член 7

Заради определување на товарната линија односно на товарните линии или заради проверување на условите под кои на поморскиот брод му се определени таквите линии, Југословенскиот регистар на бродовите, согласно членот 14 од Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, врши прегледи на бродот, и тоа основни прегледи, периодични прегледи и контролни годишни прегледи.

Член 8

Основниот преглед на поморскиот брод, со кој се проверува дали бродот ги исполнува условите пропишани во членот 4 од овој правилник, мора да се врши, и тоа:

1) на нов брод — во текот на изградбата пред неговото пуштање во експлоатација;

2) на брод набавен во странство — пред неговиот упис во уписникот на бродовите;

3) на брод во експлоатација — секој пат кога на него се вршат поправки, обнова и преправки со кои се менуваат неговите конструкциони особини, а кои имаат влијание врз веќе определената височина на слободниот бок.

Основниот преглед на поморскиот брод мора да опфати целосен преглед на неговата конструкција, а покрај тоа и на опремата во границите што за односниот брод во поглед условите за определување на слободниот бок се определени со Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година и со Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови.

Периодичниот преглед на поморскиот брод се врши најдоцна секоја петта година, а го опфаќа прегледот предвиден во одредбата на ставот 2 од овој член со кој се проверува дали бродот ги исполнува условите пропишани во членот 4 од овој правилник.

Контролниот годишен преглед на поморскиот брод се врши секоја година, во период од три месеци пред до три месеци по истекот на рокот од една година од денот на издавањето на свидетелството. Со овој преглед се проверува дали на трупот на бродот или на неговите надградби се изведени преправки кои би можеле да влијаат врз пресметката за определување на положбата на товарната линија односно на товарните линии, како и дали уредите и опремата за заштита на отворите, оградите, отворите во оградата за истекување на вода од палубата и средствата за приод до просториите на посадата на бродот се одржуваат во исправна состојба.

Член 9

Заради проверување дали капаците на грлата со бртвите и уредите за притегање се непропусни, мора да се врши проба на непропусноста при основниот преглед, а по потреба и при периодичниот и контролниот годишен преглед на поморскиот брод или во уште пократки временски растојанија.

Член 10

По извршување на кој и да било преглед на поморскиот брод (член 8) не смеат да се вршат, без повторен преглед на бродот, какви и да било преправки на конструкционите делови, уредите и опремата на бродот, како и на материјалите и димензиите на конструкционите елементи на бродот, што биле опфатени со прегледот.

Член 11

Ако се врши обнова, преправка или поправка на поморскиот брод, како и опремање во врска со тоа, бродот мора да ги исполнува и натаму оние услови што морал да ги исполнува пред извршената обнова, преправка или поправка. Постојниот брод во таков случај не смее да ги исполнува во помала мера условите кои според прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој правилник биле предвидени за нов брод — од условите што ги исполнувал порано.

Обновата, преправката или поправката на поморски брод од поголем обем, како и опремањето на бродот во врска со тоа, мораат да ги исполнуваат условите што се предвидени за нов брод во онаа

мера која, според оцената на организацијата што врши преглед, се смета како разумна и можна.

Член 12

На поморските бродови на кои едрата им се главно или помошно пропулзивно средство, како и на теглачите, Југословенскиот регистар на бродовите може во оправдан случај да им определи таква товарна линија која му одговара на слободниот бок поголем од слободниот бок кој би можел да им се определи според одредбите на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година — ако на нив се применува таа конвенција, односно според Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови — ако на нив не се применува таа конвенција.

III. ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ПОМОРСКИТЕ БРОДОВИ ОД ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРОПИШАНИТЕ УСЛОВИ

Член 13

Согласно членот 12 од Законот за исправите и книгите на поморските бродови и на пловилата за внатрешна пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/64 и 20/69), Југословенскиот регистар на бродовите може:

1) да ослободи од исполнување на условите предвидени со одредбите на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година — секој поморски брод на кој се однесува таа конвенција, а кој врши меѓународни патувања и кој според своите карактеристики претставува нов тип брод, ако примената на тие одредби би можела сериозно да ги спречи истражувањата во поглед понатамошниот развој на брод од такви карактеристики и да ја спречи примената на достигањата од таквите истражувања врз бродовите што вршат меѓународни патувања, под услов таквиот брод да ги исполнува општите услови на сигурноста, како и условите на сигурноста за службата за која е наменет, а кои согласно членот 6 став 2 на таа конвенција се прифатливи за надлежниот орган на владата на државата на чија територија се наоѓа луката во која бродот ќе вплови;

2) да ослободи од исполнување на условите предвидени со одредбите на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година — поморски брод на кој, со оглед на неговата големина или намена, би се однесувала таа конвенција, а кој редовно не врши меѓународни патувања но, поради исклучителни околности, треба да преземе само едно меѓународно патување, под услов да ги исполнува, според оцена на Југословенскиот регистар на бродовите, барањата на сигурноста за предвиденото патување.

Член 14

Согласно членот 12а од Законот за исправите и книгите на поморските бродови и на пловилата за внатрешна пловидба, под услов да се согласи со тоа во сообразност со одредбите на членот 6 став 1 на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година надлежниот орган на владата на државата на чија територија се наоѓа луката во која бродот плови, Југословенскиот регистар на бродовите може да ослободи од исполнување на условите предвидени со одредбите на таа конвенција — поморски брод на кој се однесува таа конвенција а кој врши меѓународни патувања помеѓу југословенските луки и блиските луки на земјите соседни на Југославија дотогаш додека врши такви патувања, ако смета дека, со оглед на природната заштитеност или на условите на таквите патувања помеѓу југословенските и тие луки, би било неразумно или практично неизводливо да се применуваат врз бродовите што вршат такви патувања одредбите на таа конвенција.

Член 15

Ако според членот 13 точка 1 и членот 14 на овој правилник Југословенскиот регистар на бродовите ослободи поморски брод од исполнување на условите предвидени со одредбите на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, должен е да ѝ ги соопшти на Меѓународната поморска советодавна организација подробностите за ослободувањето, како и причините за ослободувањето.

Член 16

Согласно членот 11 од Основниот закон за службата за безбедност на пловидбата („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/64 и 47/65), Југословенскиот регистар на бродовите може:

1) да одобри вршење експерименти со поморски брод на кој се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, а кој врши меѓународни патувања;

2) да одобри да се употребува на поморски брод кој и да е уред или материјал односно која и да е опрема, што не се пропишани со Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, ако со испитување или на некој друг начин утврдил дека односните уреди, опрема или материјал се најмалку исто толку ефикасни како и уредите, опремата или материјалот што се пропишани со таа конвенција;

3) со согласна примена на одредбите на членот 13 точка 1 од овој правилник и точката 1 од овој став да ослободи од исполнување на условите предвидени со Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови нов тип поморски брод односно да одобри вршење експерименти со брод на кој не се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година;

4) со согласна примена на точката 2 од овој став да одобри да се употребува на поморски брод, на кој не се однесува Меѓународната конвенција на товарните линии од 1966 година, кој и да е уред или материјал или која и да е опрема, што не се предвидени со Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови, ако таквите уреди, опрема или материјал се најмалку исто толку ефикасни како и уредите, опремата или материјалот што се предвидени со тие правила.

Ако според ставот 1 точка 1 од овој член одобри вршење експерименти со поморски брод на кој не се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, односно ако според ставот 1 точка 2 на овој член одобри да се употребува на брод кој и да е уред, материјал или опрема што не се пропишани со таа конвенција, нивните податоци, подробностите за одобрувањето за вршење експерименти со бродот односно податоците за уредите, материјалот и опремата чија употреба на бродот е одобрена, заедно со извештајот за извршените испитувања, Југословенскиот регистар на бродовите е должен да ѝ ги соопшти на Меѓународната поморска советодавна организација.

IV. Ознаки на боковите на поморските бродови

Член 17

Утврдената товарна линија односно товарните линии се означуваат на обата бока на поморскиот брод на кој му е утврден слободниот бок.

На обата бока на поморскиот брод, покрај товарната линија или товарните линии, се обележуваат и линијата на палубата и ознаката на товарната линија.

Член 18

Линијата на палубата се означува на средината на поморскиот брод со хоризонтална линија долга 300 mm и широка 25 mm.

Ознаката на товарната линија е кружен прстен чиј надворешен пречник е 300 mm и широчина 25 mm, пресечен со хоризонтална линија во должина 450 mm и широчина 25 mm, од која горниот раб минува низ средиштето на прстенот. Средиштето на прстенот се наоѓа на средината на бродот на вертикална оддалеченост од линијата на палубата,

која е еднаква на доделениот летен слободен бок. Над хоризонталната линија се забележуваат иницијали на Југословенскиот регистар на бродовите, и тоа гледајќи кон прстенот буквата „J" од левата страна на прстенот а буквата „R" од десната страна на прстенот. Секоја буква е висока 115 mm а широка 75 mm (цртеж бр. 1).



цртеж бр. 1

Линиите што ги означуваат товарните линии што им се доделуваат на поморските бродови врз кои се применува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година и на кои им се определени најмалите слободни бокови за одделни географски појаси и подрачја и раздобја на годишните времиња според таа конвенција се хоризонтални линии во должина од 230 mm и широчина 25 mm што се протегаат кон клунот, односно во определен случај кон крмата, а се положени нормално на вертикалната линија широка 25 mm која се наоѓа на 540 mm пред средиштето на кружниот прстен (цртеж бр. 2).



цртеж бр. 2

На патничките поморски бродови наменети и за превоз на товар, што вршат меѓународни патувања, нормално на вертикалната линија од ставот 3 на овој член а кон крмата на бродот е означена и додатната товарна линија односно додатните товарни линии (преградни товарни линии) што ги пропишува Меѓународната конвенција за заштита на човечкиот живот на море од 1960 година. Должините и широчините на тие линии се исти како и на линиите наведени во ставот 3 од овој член (цртеж бр. 3).



цртеж бр. 3

На поморските бродови на кои им се доделени слободни бокови за превоз на дрво натоварено на палубата, им се означува и линијата за товарење на дрво. Должината и широчината на оваа линија е иста како и на линиите од ставот 3 на овој член, а се протега кон крмата, односно во определени случаи кон клунот, нормално на вертикалната линија широка 25 mm која се наоѓа на 540 mm кон крмата од средиштето на кружниот прстен (цртеж бр. 4).



цртеж бр. 4

На поморските бродови на кои не се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, не им се доделуваат товарните линии за пловидба во одделни географски појаси и подрачја и раздобја на годишните времиња, туку само им се набележува ознаката на товарната линија и се означува товарната линија за слатка вода (цртеж бр. 5)



цртеж бр. 5

Ако слободниот бок на поморските бродови не е поголем од 180 mm, ознаката на товарната линија ја претставува само знакот на товарната линија без кружниот прстен, над чии краишта се набележуваат буквите: „J" и „R" (цртеж бр. 6).



цртеж бр. 6

Буквите со кои се означуваат товарните линии, се набележуваат по надворешните слободни краишта на соодветните хоризонтални линии, така што долниот раб на буквите да се наоѓа во нивото на горниот раб на односната линија. Височината на буквите изнесува 75 mm, а широчината 50 mm.

Член 19

Кружниот прстен, линиите и буквите мораат да бидат бојосани со бела или жолта боја на темна подлога, односно со црна боја на светла подлога. Тие мораат да бидат трајно вцртани на боковите на поморскиот брод и добро видливи.

На поморскиот брод со челична облога, кружниот прстен, товарните линии и буквите можат да бидат заварени, а на поморскиот брод со дрвена надворешна облога мораат да бидат врежани, и тоа најмалку 3 mm длабоко во облогата.

Член 20

Меѓународно свидетелство за товарната линија од 1966 година, односно Свидетелство за способност на бродот за пловидба, може да се издаде дури откако ќе се утврди дека ознаките на боковите на поморскиот брод се набележени исправно и на начин да бидат трајни.

Член 21

Товарната линија односно онаа товарна линија што му одговара на годишното време и на географскиот појас или на подрачјето во кое поморскиот брод се наоѓа, не смее да биде потопена во вода на боковите на бродот при испловување на бродот од лука, за време на патување или при впловување на бродот во лука, освен во случаите од ст. 2 и 3 на овој член.

Ако поморскиот брод се наоѓа во слатка вода чија специфична тежина изнесува 1 kp/dm³, товарната линија што му одговара на годишното време, на географскиот појас или на подрачјето во кое се наоѓа бродот смее да бида потопена за височината која му одговара на намалувањето на слободниот бок во слатката вода, а кое намалување е наведено во Меѓународното свидетелство за товарната линија од 1966 година односно во Свидетелството за способноста на бродот за пловидба. Ако специфичната тежина на водата е поголема од 1, намалувањето на слободниот бок се определува пропорционално на разликата помеѓу 1,025 и фактичната специфична тежина на водата во која се наоѓа бродот.

Ако поморскиот брод испловува од лука која се наоѓа на река или на други внатрешни води, товарната линија односно соодветната товарна линија смее да биде потопена во вода за онолку повеќе колку што тоа ѝ одговара на тежината на горивото и другиот материјал што му се потребни за потрошувачката од местото на поаѓањето до местото на доаѓањето во морска вода.

V. СЛОЖУВАЊЕ ТОВАР НА ПАЛУБА НА ПОМОРСКИ БРОДОВИ

Член 22

Заради одржување на условите под кои на поморскиот брод му е определена товарната линија односно товарните линии, товарот на палубата мора да се сложува така што ефикасно да можат да се затворат и против проникнување на вода да се обезбедат сите отвори во близината на товарот, што служат за минување во просториите на посадата, во машинарницата или во другите простории што служат за работата во врска со користењето на бродот и за минување од тие простории и простори.

Ако нема сигурни минувалишта на палубата или под палубата, над товарот крцан на палубата мораат да се предвидат ефикасни заштитни средства за посадата во форма на ограда или јаже за придржување.

Член 23

Поморскиот брод на кој се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година а на кој му е определен и слободниот бок за превоз на дрво на палубата според таа конвенција, кога го користи тој слободен бок, мора да ги исполнува следните посебни услови и дрвото на палубата мора да се сложува на следниот начин:

1) отворите на изложената палуба на која се сложува дрвото мораат да се затворат на сигурен начин и капаците на тие отвори добро да се приврстат. Отворите за воздух мораат да бидат сигурно заштитени;

2) дрвото на палубата мора да се распореди најмалку преку целата расположива должина, односно преку вкупната должина на палубниот кладенец или палубните кладенци помеѓу слободните бокови. Ако на крајот на крмата нема надградба која го ограничува просторот, дрвото мора да досега најмалку до задниот крај на последното грло. Дрвото мора да биде што подобро сложено најмалку до стандардната височина на надградбата, која не е издигната крмена палуба;

3) на бродот што зиме плови во повремени зимски подрачја (член 26) и повремен зимски појас (член 27), височината на товарот (дрвото) натоварен на изложената палуба на смее да биде поголема од една третина од најголемата широчина на бродот;

4) дрвото на палубата мора да се сложува така што да биде збиено и мора добро да се приврзе и прицврсти. Товарот на никој начин не смее да го попречува водењето на навигацијата и вршењето на потребните работи на бродот;

5) ако е потребно да се ставаат вертикални столбови, поради видот на дрвото кое се превезува тие со оглед на широчината на бродот, мораат да бидат од соодветна цврстина. Нивното меѓусебно растојание зависи од должината и формата на дрвото кое се превезува, но не смее да биде поголемо од 3 метра;

6) дрвото на палубата по целата должина мора да биде сигурно зацврстено со меѓусебно независни напречни приврски поставени во растојанија не поголеми од 3 метра, а закрепени за посебни очници прицврстени на конструкцијата на трупот на бродот.

Ако должината на дрвото е помала од 3,6 m, растојанието помеѓу приврските мора да се намали, односно мораат да се преземат други погодни мерки со оглед на должината на дрвото;

7) приврските мораат да бидат од синџир со кратки алки дебели најмалку 19 mm, односно од еластично челично јаже со цврстота која ѝ одговара на цврстотата на синџирот (прекинска цврстота од најмалку 13,500 kp/dm³), и мораат да имаат резиња — кукачки и стегалки кон кои може да се пристапи во секое време. Приврските од челичното јаже мораат да имаат кратко парче синџир со долги алки, така што лесно да може да се приспособува должината на приврските;

8) сите направи потребни за прицврстување на приврските мораат да имаат цврстота која ѝ одговара на цврстотата на приврските;

9) товарот (дрвото) на палубата мора да биде сложен така што по него да може да се движи посадата. Од секоја страна на товарот на палубата мораат да се стават заштитни огради или редови заштитни јажиња на вертикални растојанија од по најмногу 330 mm, а до височина од најмалку 1 m над товарот;

10) кормиларскиот уред мора да биде ефикасно заштитен од оштетување со товарот и, ако е можно, мора да биде лесно пристапен. За случај на дефект на главниот кормиларски уред, треба да се предвидат ефикасни мерки за кормиларење.

Член 24

Во претсметката за стабилноста на поморскиот брод од членот 23 на овој правилник, кој превезува дрво на палубата, мора да се предвиди доволна стабилност на бродот во текот на целото патување, земајќи ги при тоа предвид промените на тежините што настануваат поради впивање вода и замрзнување на дрвото и поради трошење на гориво и залихи на бродот.

Одобрениот начин за укрцување дрво на палубата на поморскиот брод мора да биде наведен во податоците од членот 5 став 1 точка 2 на овој правилник.

VI. ГЕОГРАФСКИ ПОЈАСИ И ПОДРАЧЈА И РАЗДОБЈА НА ГОДИШНИТЕ ВРЕМИЊА

Член 25

На поморскиот брод на кој се применуваат Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година и Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови, му се определуваат товарните линии за географските појаси и географските подрачја од чл. 26 до 33 од овој правилник во кои бродот има намера да плови.

Луката што се наоѓа на граничната линија помеѓу два географски појаса односно подрачја се смета дека е во оној географски појас односно подрачје од кое бродот доаѓа или во кое поаѓа.

1. Северни повремени зимски подрачја

Член 26

Повремени зимски подрачја I и II на Северниот Атлантски Океан се:

1) повременото зимско подрачје I на Северниот Атлантски Океан е ограничено со меридијанот 50° западна географска должина од брегот на Гренланд до 45° северна географска широчина; со паралелата 45° северна географска широчина до 15° западна географска должина; со меридијанот 15° западна географска должина до 60° северна географска широчина; со паралелата 60° северна географска широчина од меридијанот Greenwich и со тој меридијан кон север.

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 1 на оваа точка траат, и тоа: зимското — од 16 октомври до 15 април, а летното — од 16 април до 15 октомври;

2) повременото зимско подрачје II на Северниот Атлантски Океан е ограничено со меридијанот 60° западна географска должина од брегот на Соединетите Американски Држави до 40° северна географска широчина; со локсодромата до точката 36° северна географска широчина и 73° западна географска должина; со паралелата 36° северна географска широчина до 25° западна географска должина и со локсодромата до гребенот Торинана.

Од подрачјата од ставот 1 на оваа точка исклучени се повремените зимски подрачја I на Северниот Атлантски Океан и Балтичкото Море ограничено со паралелата на географската широчина Skaw на Скагерак.

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 1 на оваа точка траат, и тоа: зимското — од 1 ноември до 31 март, а летното — од 1 април до 31 октомври.

Повременото зимско подрачје на Северниот Атлантски Океан се простира во границите што ги сочинуваат: меридијанот 68°30′ западна географска должина од брегот на Соединетите Американски Држави до 40° северна географска широчина; локсодромата до најјужното сечиште на меридијанот 61° западна географска должина со брегот на Канада, и до источниот брег на Канада и Соединетите Американски Држави.

Сезонските раздобја од ставот 2 на овој член траат, и тоа:

— за бродови долги над 100 метра (328 стапки) — зимското — од 16 декември до 15 февруари, а летното — од 16 февруари до 15 декември;

— за бродови долги до 100 метра (328 стапки) — зимското — од 1 ноември до 31 март, а летното — од 1 април до 31 октомври.

Повременото зимско подрачје на Северниот Тихи Океан ја опфаќа јужната граница на повременото зимско подрачје на Северниот Тихи Океан, што ја сочинуваат: паралелата 50° северна географска широчина од источниот брег на Сојузот на Советските Социјалистички Републики до западниот брег на Sakhalin; западниот брег на Sakhalin до најјужната точка Cape Kril'on, локсодромата до Warkkansi на островот Hokkaido во Јапонија; источниот и јужниот брег на Hokkaido до 145° источна географска должина; меридијанот 145° источна географска должина до 35° северна географска широчина; паралелата 35° северна географска широчина до 150° западна географска должина, и локсодромата до крајната јужна точка на островот Dall Island на Аљаска.

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 4 на овој член траат, и тоа: зимското — од 16 октомври до 15 април, а летното — од 16 април до 15 октомври.

2. Јужен повремен зимски појас

Член 27

Северната граница на јужниот повремен зимски појас е: локсодромата од источниот брег на американскиот континент на гребенот Tres Puntas до точката 34° јужна географска широчина и 50° западна географска должина; паралелата 34° јужна географска широчина до 17° источна географска должина; локсодромата до точката 35°10′ јужна географска широчина и 20° источна географска должина; локсодромата до точката 34° јужна географска широчина и 28° источна географска должина; локсодромата до точката 35°30′ јужна географска широчина и 118° источна географска должина; локсодромата до гребенот Grim на северозападниот брег на Тасманија, потоа по должината на северниот и источниот брег на Тасманија до најјужната точка на островот Bruny; локсодромата до Black Rock Point на островот Steward; локсодромата до точката 47° јужна географска широчина и 170° источна географска должина; локсодромата до точката 33° јужна географска широчина и 170° западна географска

широчина, и паралелата 33° јужна географска широчина до западниот брег на американскиот континент.

Valparaiso, во смисла на овој правилник, се наоѓа на граничната линија меѓу летниот појас и повременот зимски појас.

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 1 на овој член траат, и тоа: зимското — од 16 април до 15 октомври, а летното — од 16 октомври до 15 април.

3. Тропски појас

Член 28

Северната граница на тропскиот појас е: паралелата 13° северна географска широчина од источниот брег на американскиот континент до 60° западна географска должина; локсодромата до точката 10° северна географска широчина и 58° западна географска должина; паралелата 10° северна географска широчина до 20° западна географска должина; меридијанот 20° западна географска должина до 30° северна географска широчина; паралелата 30° северна географска широчина до западниот брег на Африка; од источниот брег на Африка паралелата 8° северна географска широчина до 70° источна географска должина; меридијанот 70° источна географска должина до 13° северна географска широчина; паралелата 13° северна географска широчина до западниот брег на Индија; околу јужниот брег на Индија до 10 30′ северна географска широчина на источниот брег на Индија; локсодромата до точката 9° северна географска широчина и 82° источна географска должина: меридијанот 82° источна географска должина до 8° северна географска широчина; паралелата 8° северна географска широчина до западниот брег на Малезија; брегот на Југоисточна Азија до источниот брег на Виетнам на 10° северна географска широчина; паралелата 10° северна географска широчина до 145° источна географска должина; меридијанот 145° источна географска должина до 13° географска широчина, и паралелата 13° северна географска широчина до западниот брег на американскиот континент.

Сајгон, во смисла на овој правилник, се наоѓа на граничната линија на тропскиот појас и повременото тропско подрачје.

Јужната граница на тропскиот појас е: локсодромата од луката Сантос во Бразил до точката каде што се сече меридијанот 40° западна географска должина со јарчевиот повратник; јарчевиот повратник до западниот брег на Африка, од источниот брег на Африка паралелата 20° јужна географска широчина до западниот брег на Мадагаскар; западниот и северниот брег на Мадагаскар до 50° источна географска должина; меридијанот 50° источна географска должина од 10° јужна географска широчина; паралелата 10° јужна географска широчина до 98° источна географска должина; локсодромата до Port Darwin во Австралија; бреговите на Австралија и на островот Wessel кон исток до гребенот Wessel; паралелата 11° јужна географска широчина до западната страна на гребенот York; од источната страна на гребенот York паралелата 11° јужна географска широчина до 150° западна географска должина; локсодромата до точката 26° јужна географска широчина и 75° западна географска должина, и локсодромата до западниот брег на американскиот континент на 30° јужна географска широчина.

Goqllimbe и Santos, во смисла на овој правилник, се наоѓаат на граничната линија на тропскиот и летниот појас.

Во тропскиот појас, во смисла на овој правилник, се вклучени следните подрачја, и тоа:

1) Суецкиот Канал, Црвеното Море и Аденскиот Залив. од Порт Саид до меридијанот 45° источна географска должина.

Аден и Бербера, во смисла на овој правилник, се наоѓаат на граничната линија на тропскиот појас и повременото тропско подрачје;

2) Персискиот Залив до меридијанот 59° источна географска должина;

3) подрачјето ограничено со паралелата 22° јужна географска широчина од источниот брег на Австралија до спилите Great Barrier и по спилите Great Barrier до 11° јужна географска широчина. Северната граница на ова подрачје е истовремено јужна граница на тропскиот појас.

4. Повремени тропски подрачја

Член 29

Повремените тропски подрачја ги опфаќаат, и тоа:

1) во Северниот Атлантски Океан — подрачјето што е ограничено: на север со локсодромата од гребенот Catoche на Yucatan до гребенот San Antonio на Куба до 20° северна географска широчина, со паралелата 20° северна географска широчина до 20° западна географска должина; на запад со брегот на американскиот континент; на југ и исток со северната граница на тропскиот појас.

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 1 на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 ноември до 15 јули, а летното — од 16 јули до 31 октомври;

2) во Арапското Море — подрачјето што е ограничено: на запад со брегот на Африка, со меридијанот 45° источна географска должина во Аденскиот Залив со брегот на Јужна Арабија и со меридијанот 59° источна географска должина во заливот Оман; на север и исток со бреговите на Пакистан и Индија; на југ со северната граница на тропскиот појас.

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 1 на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 септември до 31 мај, а летното — од 1 јуни до 31 август;

3) во Бенгалскиот Залив: Бенгалскиот Залив, северно од северната граница на тропскиот појас.

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 1 на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 декември до 30 април, а летното — од 1 мај до 30 ноември;

4) во Јужниот Индиски Океан:

а) подрачјето што е ограничено: на север и запад со јужната граница на тропскиот појас и со источниот брег на Мадагаскар; на југ со паралелата 20° јужна географска широчина; на исток со локсодромата од точката 20° јужна географска широчина и 50° источна географска должина до точката 15° јужна географска широчина и 51°30′ источна географска должина и со меридијанот 51°30′ источна географска должина до 10° јужна географска широчина.

Сезонските раздобја во подрачјето под а) на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 април до 30 ноември, а летното — од 1 декември до 31 март;

б) подрачјето што е ограничено: на север со јужната граница на тропскиот појас; на исток со брегот на Австралија; на југ со паралелата 15° јужна географска широчина од 51°30′ источна географска должина до 120° источна географска должина, и со меридијанот 120° источна географска должина до брегот на Австралија; на запад со меридијанот 15°30′ источна географска должина.

Сезонските раздобја во подрачјето под б) на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 мај до 30 ноември, а летното — од 1 декември до 30 април;

5) во Кинеското Море — подрачјето што е ограничено: на запад и север со бреговите на Виетнам и Кина, од 10° северна географска широчина до Хонг Конг; на исток со локсодромата од Хонг Конг до луката Суал (остров Лузон) и со западните брегови на островите Лузон, Самар и Layte до 10° северна географска широчина; на југ со паралелата 10° северна географска широчина.

Хонк Конг и Суал, во смисла на овој правилник, се наоѓаат на границата на повременото тропско подрачје и летниот појас

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 1 на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 21 јануари до 30 април, а летното — од 1 мај до 20 јануари;

6) во Северниот Тихи Океан:

а) подрачјето што е ограничено: на север со паралелата 25° северна географска широчина; на запад со меридијанот 160° источна географска должина; на југ со паралелата 13° северна географска широчина; на исток со меридијанот 130° западна географска широчина.

Сезонските раздобја во подрачјето под а) на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 април до 31 октомври, а летното — од 1 ноември до 31 март;

б) подрачјето што е ограничено: на север и исток со западниот брег на американскиот континент; на запад со меридијанот 123° западна географска должина од брегот на американскиот континент до 33° северна географска широчина, и со локсодромата од точката 33° северна географска широчина и 123° западна географска должина до точката на 13° северна географска широчина и 105° западна географска должина; на југ со паралелата 13° северна географска широчина.

Сезонските раздобја во подрачјето под б) на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 март до 30 јуни и од 1 ноември до 30 ноември, а летното — од 1 јули до 31 октомври и од 1 декември до 28 односно 29 февруари;

7) во Јужниот Тихи Океан:

а) заливот Carpentaria јужно од 11° јужна географска широчина.

Сезонските раздобја во подрачјето под а) на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 април до 30 ноември, а летното — од 1 декември до 31 март;

б) подрачјето што е ограничено: на север и исток со јужната граница на тропскиот појас; на југ со јарчевиот повратник од источниот брег на Австралија до 150° западна географска должина; со меридијанот 150° западна географска должина до 20° јужна географска широчина, и потоа со паралелата 20° до точката каде што таа паралела се сече со јужната граница на тропскиот појас; на запад со границите на подрачјето внатре во спилите Great Barrier кое е вклучено во тропскиот појас и со источниот брег на Австралија.

Сезонските раздобја во подрачјето под б) на оваа точка траат, и тоа: тропското — од 1 април до 30 ноември, а летното — од 1 декември до 31 март.

5. Летни појаси

Член 30

Другите подрачја ги сочинуваат летните појаси.

Меѓутоа, за поморски брод до 100 метра (328 стапки) должина, повремено зимско подрачје е и она што е ограничено: на север и запад со источниот брег на Соединетите Американски Држави; на исток со меридијанот 68°30′ западна географска должина од брегот на Соединетите Американски Држави до 40° северна географска широчина, а потоа со локсодромата до точката на 36° северна географска широчина и 73° западна географска должина; на југ со паралелата 36° северна географска широчина.

Сезонските раздобја во подрачјето од ставот 1 на овој член траат, и тоа: зимското — од 1 ноември до 31 март, а летното — од 1 април до 31 октомври.

6. Затворени мориња

Член 31

Затворени мориња се:

1) Балтичкото Море.

Балтичкото Море, ограничено со паралелата на географската широчина на Skaw во Skagerrak, вклучено е во летниот појас.

По исклучок од ставот 2 на оваа точка, за поморски брод до 100 метра (328 стапки) должина, Балтичкото Море е повремено зимско подрачје.

Сезонските раздобја во подрачјето на Балтичкото Море траат, и тоа: зимското — од 1 ноември до 31 март, а летното — од 1 април до 31 октомври;

2) Црното Море.

Црното Море е вклучено во летниот појас.

По исклучок од ставот 2 на оваа точка, за поморски брод до 100 метра (328 стапки) должина, повремено зимско подрачје е и подрачјето северно од 44° северна географска широчина.

Сезонските раздобја во подрачјето на Црното Море траат, и тоа: зимското — од 1 декември до 28 односно 29 февруари, а летното — од 1 март до 30 ноември;

3) Средоземното Море.

Средоземното Море е вклучено во летниот појас.

По исклучок од ставот 2 на оваа точка, за поморски брод до 100 метра (328 стапки) должина, повремено зимско подрачје е и подрачјето ограничено, и тоа: на север и запад со бреговите на Франција и Шпанија и со меридијанот 3° источна географска широчина од брегот на Шпанија до 40° северна географска широчина; на југ со паралелата 40° северна географска широчина до 3° источна географска должина до западниот брег на Сардинија; на исток со западниот и северниот брег на Сардинија од 40° северна географска широчина до 9° источна географска должина до јужниот брег на Корзика до 9° источна географска должина и со локсодромата до гребенот Sicie.

Сезонските раздобја во подрачјето на Средоземното Море траат, и тоа: зимското — од 16 декември до 15 март, а летното — од 16 март до 15 декември;

4) Јапонското Море.

Јапонското Море јужно од паралелата 50° северна географска широчина е вклучено во летниот појас.

По исклучок од ставот 2 на оваа точка, за поморски брод до 100 метра (328 стапки) должина, повремено зимско подрачје е и подрачјето помеѓу паралелата 50° северна географска широчина и локсодромата од источниот брег на Кореја на 38° северна географска широчина западно од брегот на островот Hokkaido во Јапонија на 43°12′ северна географска широчина.

Сезонските раздобја во подрачјето на Јапонското Море траат, и тоа: зимското — од 1 декември до 28 односно 29 февруари, а летното — од 1 март до 30 ноември.

7. Зимска товарна линија за Северниот Атлански Океан

Член 32

Дел од Северниот Атлантски Океан сочинува оној дел на повременото зимско подрачје II на Северниот Атлантски Океан, кој се простира помеѓу меридијанот 15° западна географска должина и меридијанот 50° западна географска должина и целото повремено зимско подрачје I на Северниот Атлантски Океан, со тоа што треба да се смета дека островите Shetland се наоѓаат на границата.

За поморски брод до 100 метра должина кој за време на зимско годишно раздобје ќе вплови во кој и да било дел на Северниот Атлантски Океан од ставот 1 на овој член, најмал слободен бок е зимскиот слободен бок зголемен за 50 mm (2 палца) — (цртеж бр. 7).



Цртеж бр. 7

VII. ДОСТАВУВАЊЕ СВИДЕТЕЛСТВА ИЗДАДЕНИ ОД ИМЕТО НА ВЛАДА НА СТРАНСКА ДРЖАВА

Член 33

Кога Југословенскиот регистар на бродовите, согласно одредбата на членот 4 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите, на барање на влада на странска држава — членка на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година, ќе изврши преглед на странски поморски брод и ќе му издаде Меѓународно свидетелство за товарната линија од 1966 година односно ќе го потврди тоа свидетелство или ќе го продолжи неговото важење, како и Меѓународно свидетелство за ослободување од одредбите за товарната линија, ќе ѝ достави на односната влада препис од свидетелството, извештајот и претсметката.

Издаденото или потврденото свидетелство од ставот 1 на оваа точка, односно свидетелството чие важење е продолжено, мора да содржи изјава со која се потврдува дека тоа е издадено односно дека неговото важење е продолжено на барање на владата на државата чие знаме поморскиот брод вее или ќе вее.

VIII. НАДЗОР

Член 34

Согласно чл. 20 и 21 од Законот за утврдување на способноста за пловидба на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба, лучката капетанија врши надзор над примената на прописите за слободниот бок ако вршењето на тој надзор, во согласност со членот 18 од Основниот закон за службата за безбедност на пловидбата, со републички прописи не е ставено во надлежност на републичкиот орган на управата надлежен за работите на безбедноста на пловидбата. Надзорот на лучката капетанија опфаќа особено:

1) испитување дали поморскиот брод има Меѓународно свидетелство за товарната линија од 1966 година и Меѓународно свидетелство за ослободување од одредбите за товарната линија односно Меѓународно свидетелство за слободниот бок (член 16 од Законот за измени и дополненија на Законот за исправите и книгите на поморските бродови и на пловилата за внатрешна пловидба) и Свидетелство за способноста на бродот за пловидба во кое е наведена товарната линија, како и дали истекло важењето на тие свидетелства. Испитувањето на важењето на Меѓународното свидетелство за ослободување од одредбите за товарната линија се состои и во проверување дали се исполнети сите услови наведени во тоа свидетелство;

2) испитување дали поморскиот брод има податоци одобрени од Југословенскиот регистар на бродовите што му овозможуваат да се сместат на бродот товарот и баластот така што да се избегне прекумерно напрегање на конструкционите делови на бродот и да се оцени стабилноста на бродот при различни услови на експлоатација на бродот, ако е бродот должен да ги има тие податоци (член 5);

3) проверување дали поморскиот брод е крцан над границата дозволена со свидетелството;

4) проверување дали положбата на линијата на палубата, ознаките на товарната линија, како и товарните линии на товарниот брод, му одговараат на свидетелството;

5) проверување дали товарот на палубата е сложуван според одредбите на членот 22 односно товарот на дрво според одредбите на членот 23 од овој правилник;

6) испитување дали на поморскиот брод од денот на издавањето односно на потврдата на свидетелството настанале такви битни промени, и тоа особено на трупот на бродот, на надградбата, на средствата за затворање на отворите, на отворите за истекување на вода, на палубната ограда, на средствата за минување на посадата од станбените простории до работните места на бродот, поради кои очигледно бродот во таква состојба не е способен да плови по морето без опасност за човечкиот живот.

Член 35

Лучката капетанија ќе му забрани на поморскиот брод испловување од луката ако при вршењето надзор според одредбите од членот 34 на овој правилник утврди:

1) дека поморскиот брод нема важечко свидетелство односно дека има Меѓународно свидетелство за ослободување од одредбите за товарната линија, но дека не ги исполнува условите наведени во тоа свидетелство (член 34 точка 1);

2) дека поморскиот брод нема податоци одобрени од Југословенскиот регистар на бродовите што му овозможуваат да се сместат товарот и баластот во бродот така што да се избегнат прекумерните напрегања на конструкционите делови на бродот и да се оцени стабилноста на бродот при различни услови на експлоатација на бродот, ако бродот е должен да ги има тие податоци (член 5);

3) дека поморскиот брод е крцан над границата дозволена со свидетелството (член 34 точка 3);

4) дека товарот на палубата не е сложуван според одредбите на членот 22 од овој правилник односно товарот на дрво — според одредбите на членот 23 од овој правилник;

5) дека положбата на линијата на палубата, ознаката на товарната линија, како и товарните линии на поморскиот брод, не му одговараат на свидетелството (член 34 точка 4), односно дека на боковите на бродот не е обележена линијата на палубата, ознаката на товарната линија односно товарните линии (член 19);

6) дека на деловите на поморскиот брод наведени во членот 34 точка 6 од овој правилник настанале такви битни промени што да е очигледно дека бродот не е способен да плови по морето без опасност за патниците и посадата на бродот.

Забраната на испловување на поморски брод од луката останува да важи, и тоа:

1) додека бродот не прибави важечко Меѓународно свидетелство за товарната линија од 1966 година односно Меѓународно свидетелство за ослободување од одредбите за товарната линија или Свидетелство за способноста на бродот за пловидба во кое е определена товарната линија, односно не ги исполни условите наведени во Меѓународното свидетелство за ослободување од одредбите за товарната линија (став 1 точка 1);

2) додека бродот не прибави податоци одобрени од Југословенскиот регистар на бродовите што му овозможуваат да се сместат товарот и баластот на бродот така што да се избегнат прекумерните напрегања на конструкционите делови на бродот и да се оцени стабилноста на бродот при различни услови на експлоатација на бродот (став 1 точка 2);

3) додека бродот не го искрца вишокот на товарот односно бројот на патниците над дозволената граница на крцање (став 1 точка 3);

4) додека бродот не го сложи на палубата товарот според одредбите на членот 22 од овој правилник односно товарот на дрво — според одредбите на членот 23 од овој правилник (став 1 точка 4);

5) додека, согласно членот 19 од овој правилник, на бродот не се обележи линијата на палубата, ознаката на товарната линија односно и товарните линии според свидетелството (став 1 точка 5);

6) додека не се извршат такви поправки на односните делови на бродот, што на бродот ќе му обезбедат пловидба по морето без опасност за патниците и посадата, а што се утврдува со преглед од страна на Југословенскиот регистар на бродовите (став 1 точка 6).

Во кој и да е случај од ставот 1 на овој член, лучката капетанија ќе му го одземе на поморскиот брод односното свидетелство од членот 34 точка 1 на овој правилник.

Член 36

Согласно членот 23 од Законот за утврдување на способноста за пловидба на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба, според чл. 34 и 35 на овој правилник подлежи на надзор и странски поморски брод во југословенска лука, со тоа што, согласно членот 34 точка 2 од овој правилник, лучката капетанија да испита дали странскиот поморски брод има податоци одобрени од овластената организација, и, ако утврди дека тие податоци ги нема, согласно членот 35 став 1 точка 2 од овој правилник, да му забрани испловување од луката.

Ако лучката капетанија во вршењето надзор утврди кој и да е недостаток наведен во членот 35 од овој правилник, ќе му забрани на странскиот поморски брод испловување од луката додека утврдениот недостаток не се отстрани и ќе постапи според одредбата на членот 23 став 3 од Законот за утврдување на способноста за пловидба на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба.

IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за поморски прекршок работна организација или друго правно лице кое е носител на правото на користење на поморскиот брод:

1) ако по кој и да било преглед на поморскиот брод извршен во смисла на членот 7 од овој правилник врши без повторен преглед на бродот какви и да било преправки на конструкцијата, уредите и опремата на бродот, како и на материјалите и димензиите на конструкционите елементи на бродот што биле опфатени со прегледот (член 10);

2) ако на поморскиот брод на кој му е утврден слободниот бок не се означени на обата бока на бродот товарната линија или товарните линии или линиите на палубата или ознаката на товарната линија (член 17);

3) ако товарната линија односно онаа товарна линија која му одговара на годишното време и на географскиот појас или на подрачјето во кое поморскиот брод се наоѓа е потопена на боковите на бродот противно на одредбите на членот 21 од овој правилник;

4) ако поморскиот брод исплови од луката противно на забраната на лучката капетанија донесена според одредбите на членот 35 став 1 точ. 3, 5 и 6 и став 2 точ. 3, 5 и 6 и членот 36 став 2 од овој правилник.

За кое и да е дејствие од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна до 1.000 динари за поморски прекршок и одговорното лице во работната организација или во друго правно лице, како и приватен сопственик на брод.

Член 38

Со парична казна до 1.000 динари ќе се казни за поморски прекршок работна организација или друго правно лице кое е носител на правото на користење на поморскиот брод:

1) ако на заповедникот на поморски брод не му ги даде податоците од членот 5 став 1 на овој правилник, освен ако од давањето на тие податоци е ослободено според одредбите на членот 5 став 2 точка 2 на овој правилник;

2) ако на поморски брод на кој е утврден слободниот бок не се бојосани или вцртани односно заварени или врежани кружниот прстен, линиите и буквите на начинот определен во членот 19 од овој правилник;

3) ако поморски брод исплови од луката противно на забраната на лучката капетанија донесена според одредбите на членот 35 став 1 точ. 1, 2 и 4 и став 2 точ. 1, 2 и 4 и членот 36 став 2 од овој правилник;

4) ако, по денот на влегувањето во сила на овој правилник, поморски брод исплови од луката иако пред испловувањето не бил извршен преглед на бродот (член 42).

За кое и да е дејствие од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна до 500 динари за поморски прекршок и одговорното лице во работната организација или во друго правно лице, како и приватен сопственик на брод.

Член 39

Со парична казна до 1.000 динари ќе се казни за поморски прекршок заповедник на поморски брод или друго одговорно лице на бродот:

1) ако товарната линија односно онаа товарна линија која му одговара на годишното време и на географскиот појас или на подрачјето во кое поморскиот брод се наоѓа е потопена на боковите на бродот противно на одредбите од членот 21 на овој правилник;

2) ако поморскиот брод исплови од луката противно на забраната на лучката капетанија донесена според одредбите на членот 35 став 1 точ. 3, 5 и 6 и став 2 точ. 3, 5 и 6 и членот 36 став 2 од овој правилник.

Член 40

Со парична казна до 500 динари ќе се казни за поморски прекршок заповедник на поморски брод или друго одговорно лице на бродот:

1) ако товарот што се превезува на палубата на поморскиот брод го сложува на начин противен на одредбите од членот 22 на овој правилник;

2) ако товарот на дрво што се превезува на палубата на поморскиот брод го сложува на начин противен на одредбите на членот 23 од овој правилник;

3) ако поморскиот брод исплови од луката противно на забраната на лучката капетанија донесена според одредбите на членот 35 став 1 точ. 1, 2 и 4 и став 2 точ. 1, 2 и 4 и членот 36 став 2 од овој правилник;

4) ако, по денот на влегувањето во сила на овој правилник, поморскиот брод исплови од луката иако пред испловувањето не бил извршен преглед на бродот (член 42).

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 41

Одредбите на овој правилник се применуваат на сите нови поморски бродови без оглед дали на нив се однесува или не се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година.

Ако постојните поморски бродови на кои се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1930 година не ги исполнуваат во целост условите пропишани со одредбите на овој правилник, Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година и Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови, мораат да ги исполнуваат најмалку условите пропишани со правилата содржани во Прилогот I на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1930 година и со прописите донесени врз основа на таа конвенција.

Постојните поморски бродови на кои не се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1930 година мораат да ги исполнуваат најмалку условите пропишани со Правилникот за определување надвоѓето на бродовите на трговската морнарица на ФНРЈ, кои не вршат меѓународни патувања („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/51) и со Техничките прописи на Југословенскиот регистар на бродовите за определување надвоѓето на бродовите на трговската морнарица на ФНРЈ, што не вршат меѓународни патувања.

Постојните поморски бродови можат да користат какво и да било намалување на слободниот бок доделен според досегашните прописи, ако ги исполнуваат условите пропишани со одредбите на овој правилник, а покрај тоа и:

1) условите пропишани со одредбите на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година и условите предвидени со Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови — бродовите на кои се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1930 година;

2) условите предвидени со Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови — бродовите на кои не се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1930 година.

Постојните поморски бродови не можат да бараат зголемување на слободниот бок од причината што не ги исполнуваат условите пропишани со одредбите на овој правилник како и:

1) условите пропишани со одредбите на Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година и условите предвидени со Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови — бродовите на кои се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1930 година;

2) условите предвидени со Правилата на Југословенскиот регистар на бродовите за определување на товарните линии на поморските бродови — бродовите на кои не се однесува Меѓународната конвенција за товарните линии од 1966 година.

Член 42

Поморскиот брод не смее по влегувањето во сила на овој правилник, да исплови од лука ако не бил претходно прегледан, ако на боковите нема обележена линија на палубата, ознака на товарната линија односно и товарни линии и ако нема Меѓународно свидетелство за товарната линија од 1966 година односно и Меѓународно свидетелство за ослободување од одредбите за товарната линија, или важечко Меѓународно свидетелство за слободниот бок во смисла на членот 49 од Законот за исправите и книгите на поморските бродови и пловилата за внатрешна пловидба, односно Свидетелство за способноста на бродот за пловидба во која е наведена товарната линија.

Член 43

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат: Наредбата за употребата на капаците врз кратерите на палубата од надвоѓето на бродовите во трговската морнарица на ФНРЈ што имаат заштитна палуба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/56), Наредбата за товарење товари до тропската линија на надвоѓето во Карипското Море („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/64), Наредбата за употребата на капаците на гротлата без празници на незаштитените палуби на бродовите на Југословенската трговска морнарица („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/64) и Правилникот за определување надвоѓе на бродови на Југословенската трговска морнарица за кои Меѓународната конвенција за товарни линии од 1930 година не содржи одредби за надвоѓе („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/67).

Член 44

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

15 — бр. 3016/2
16 март 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
д-р **Боривое Јелиќ**, с. р.

247.

Врз основа на членот 84 од Основниот закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/70), во согласност со сојузниот секретар за стопанство, сојузниот секретар за внатрешни работи пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРЕВОЗОТ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

1. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат мерките на безбедност што мораат да се преземат при превозот на опасни материи во сообраќајот на патиштата

и условите на кои мораат да одговараат возилата со кои се врши превоз на тие материи.

Член 2

Според своите особини и видот на опасноста што ја предизвикуваат, опасните материи се групираат во седум класи, и тоа:

Класа I

Ia — експлозивни материи
Ib — предмети полнети со експлозивни материи
Ic — средства за паленье, огнометни предмети и други слични предмети
Id — компримирани (збиени) гасови, гасови претворени во течност и гасови растворени под притисок
Ie — материи кои во допир со вода развиваат запаливи гасови

Класа II

II — материи што се палат самите од себе (самозапаливи материи)

Класа III

IIIa — запаливи течности
IIIb — запаливи цврсти материи
IIIc — оксидирачки материи

Класа IV

IVa — отровни материи
IVb — радиоактивни материи

Класа V

V — нагризувачки материи

Класа VI

VI — заразни и гнасни материи

Класа VII

VII — органски пероксиди

Член 3

Покрај мерките на безбедност и условите за превоз на опасни материи пропишани со овој правилник, при вршење превоз на опасни материи се применуваат во сé и одредбите на Европската спогодба за меѓународниот превоз на опасни материи во сообраќајот на патиштата (во понатамошниот текст: Европската спогодба) — (Анекси А и В).

2. Мерки на безбедност

Член 4

Испраќачот е должен да испостави за секоја пратка опасна материја посебна исправа за превозот на опасните материи.

Исправата за превозот на опасни материи мора да содржи:

1) податоци за содржината на пратката, со назначување на називот на опасната материја, нејзината класа, рабниот и редниот број под кои опасната материја е наведена во Европската спогодба (Анекси А и В), назначување на тежината на пратката, бројот на парчињата и видот на надворешната амбалажа, како и кратенка: „РОМР" ако превозот се врши во внатрешниот сообраќај, односно кратенка: „ADR" ако превозот се врши во меѓународниот сообраќај;

2) назначување на испраќачот дека се исполнети мерките на безбедност пропишани со овој правилник и со Европската спогодба (Анекси А и В);

3) називи односно имиња и презимиња на испраќачот и примателот, нивните седишта односно нивните адреси;

4) назначување дека кон исправата за превозот на опасните материи му е предадено на превозникот односно на возачот писмено упатство за посебните мерки на безбедност што при превозот на односната опасна материја мораат да се преземат;

5) потпис и печат на испраќачот.

Лицето кое од страна на превозникот е определено да го следи и обезбедува превозот на опасните материи (придружникот) го потврдува приемот на опасните материи со својот потпис на исправата за превозот на опасните материи, а ако придружник не е определен, приемот на опасните материи го потврдува на истиот начин возачот што ќе го изврши превозот.

Член 5

Исправата за превозот на опасните материи се испоставува во три идентични примероци, од кои еден останува кај испраќачот, а по еден примерок им се врачува на превозникот односно на возачот и му се доставува на примателот на пратката.

Член 6

Исправата за превозот на опасните материи што се упатува во странство мора да биде напишана на еден од јазиците на народите на Југославија и на еден од следните јазици: англиски, француски, руски или германски.

Ако опасната материја се упатува во земја која се граничи со Југославија, исправата за превозот на опасните материи може да се испостави на еден од јазиците на народите на Југославија и на јазикот на таа земја.

Член 7

Испраќачот е должен за секоја пратка на опасна материја да подготови и да му предаде на превозникот односно возачот писмено упатство за посебните мерки на безбедност што при превозот на односната опасна материја мораат да се преземат.

Упатството за посебните мерки на безбедност што при превозот на опасните материи мораат да се преземат треба да содржи особено:

1) назначување на видот на опасноста што ја претставува опасната материја и на последиците што може да ги предизвика;

2) назначување на посебните мерки што треба да се преземат при вршењето на превозот на опасната материја и мерките за спречување односно ублажување на штетните последици што можат да настанат поради незгоди или несреќи на возилото (пожар на возилото, лом на амбалажата или истурување на опасната материја, и др.);

3) постапка со лицето што ќе дојде во допир со опасната материја или со нејзина еманација (зрачење, испарување, прав, топлотно зрачење и др.);

4) назив и адреса на органот или на работната или друга организација која мора да се извести за незгодата или несреќата што се случила при превозот на опасната материја.

Член 8

На возилото со кое се превезуваат опасни материи не смеат да се наоѓаат други лица, освен возачот, помошникот на возачот и придружникот.

Член 9

Во возилото со кое се превезуваат опасни материи, покрај возачот, мора да се наоѓа и помошник на возачот или придружник, ако следењето е предвидено со посебни одредби за превоз на одделни класи опасни материи во Европската спогодба (Анекс В), освен во случајот на разнесување и доставување на помали количини опасни материи што се вршат според одредбата на членот 13 став 3 на овој правилник.

Ако при превозот на опасните материи од ставот 1 на овој член на возилото не се наоѓа помошник на возачот, придружникот мора да има возачка

дозвола за управување со она категорија возило во која спаѓа возилото со кое се врши превоз на односната опасна материја.

Член 10

Возачот што превезува опасни материи е должен да го управува возилото со особена претпазливост и да ги преземе сите мерки за спречување на несреќа што при превозот би можела да се случи.

Брзината на движењето на возилото со кое се превезува опасна материја во никој случај не може да биде поголема од 70 km на час, а не смее да надмине 80% од најголемата дозволена или пропишана брзина.

Член 11

Од моментот на приемот до моментот на предавањето на товарот возачот не смее да се оддалечува од возилото со кое се превозуваат опасни материи.

По исклучок, ако возачот е принуден да се оддалечи од возилото, должен е да го остави возилото под надзор на помошникот на возачот или придружникот односно на друго лице кое е оспособено за ракување со опасната материја која се превезува.

Член 12

За секоја незгода или несреќа што ќе се случи при превозот на опасна материја, чии последици посадата на возилото не може самата да ги отстрани и поради кои не може да го продолжи возењето, еден од членовите на посадата е должен да го извести веднаш најблискиот општински орган на внатрешните работи или најблиската станица на милиција.

Член 13

Опасните материи можат да се превезуваат со специјални моторни и приклучни возила посебно конструирани за превоз на опасни материи или со моторни возила за превоз на товар кои им одговараат на условите пропишани со овој правилник и со Европската спогодба (Анекс В).

Во внатрешниот сообраќај превозот на опасни материи може да се врши и со моторни возила за комбиниран превоз на лица и товар (комби-возила).

По исклучок, за разнесување и доставување на помали количини опасни материи, превозот на таквите материи може да се врши и со трактор со приколка, со запрежно возило, со товарен трицикал со или без мотор, со рачна количка или на товарен добиток.

Со средствата од ставот 3 на овој член не смее да се врши превоз односно пренос на опасни материи ноќе и за време на намалена видливост.

Одредбите на овој член не се однесуваат на превозот на опасни материи со возила на Југословенската народна армија.

Член 14.

Кога се превезуваат определени опасни материи, согласно Европската спогодба (Анекс В), возилото со кое се врши превозот мора да има посебни светла и знаци, и тоа:

1) две тркалезни протокалови светла, со пречник на светлечката површина од најмалку 10 cm, поставени на горните агли на предната страна на кабината на возилото;

2) две тркалезни црвени светла, со пречник на светлечката површина од најмалку 10 cm, поставени на горните агли на задната страна на возилото;

3) два знака за означување на возилото со кое се превезуваат опасни материи. Овој знак се состои од табла во правоаголна форма, со големина 50×40 cm, обложена со рефлектирачка материја во портокалова боја и обрабена со црн раб широк 5 cm, и ноќе при добра видливост мора да биде јасно видлив на оддалеченост од најмалку 150 m, ако е осветлен со големи светла за осветлување на патот. Еден знак се поставува на предната страна на возилото, а другиот знак — на левата половина на задната страна на возилото, така што таблата на знакот да не биде оддалечена повеќе од 40 cm од крајниот лев бочен раб на возилото, односно не повеќе од 150 cm од површината на патот.

Кога опасните материи се превезуваат на моторно возило што влече приклучно возило, знакот за означување на возилото со кое се превезуваат опасни материи се поставува на предната страна на влечното возило, како и на задната страна на приклучното возило, на начинот пропишан во точката 3 став 1 од овој член.

Светлата од точ. 1 и 2 на ставот 1 на овој член мораат да бидат запалени кога превозот на опасните материи се врши од првиот самрак до потполното осамнување, како и во случај на намалена видливост поради неповолни атмосферски или други прилики. Овие светла мораат да бидат запалени и кога на возилото е запалено кое и да било светло за осветлување на патот или светло за означување на возилото.

Посебните светла и знаци од овој член не смеат да се употребуваат кога со возилото не се превезуваат опасни материи.

Член 15

Ако опасните материи од членот 14 на овој правилник се превезуваат со запрежно возило или се пренесуваат на товарен добиток, наместо посебниот знак за означување на возилото со кое се превезуваат опасните материи се употребува знаменце од иста форма, димензии и боја.

Знаменцето од ставот 1 на овој член возачот на запрежното возило односно терачот на добиток е должен да го држи така што тоа да биде видливо за другите возачи кои со своето возило се разминуваат со запрежно возило односно товарен добиток или го престигнуваат.

Член 16

Возилото со кое се превезуваат определени опасни материи мора да биде означено и со посебни ливчиња што за одделни класи и видови опасни материи се пропишани во Европската спогодба — (Анекси А и В).

Ливчињата од ставот 1 на овој член се ставаат на вратите на кабината на моторното возило и на другите места на надворешните ѕидови на каросеријата односно кабината на возилото на кои се лесно уочливи и јасно видливи.

Одредбите на ст. 1 и 2 од овој член не се однесуваат на возилата на Југословенската народна армија.

Член 17

Моторното возило со кое се превезуваат опасни материи, покрај опремата предвидена со Правилникот за уредите и опремата за возилата што сообраќаат на патиштата и за техничките услови за определени уреди на тие возила („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/68), мора да ја има и следната опрема:

1) возачки алат и дигалка за поправка на дефекти на возилото за време на патувањето;

2) најмалку два апарата за гаснење на пожар, од кои едниот е наменет за гаснење пожар на моторот, а другиот за гаснење пожар на товарот на возилото. Овие апарати мораат да имаат полнење кое, со оглед на количината и другите својства, овозможува ефикасно гаснење на пожар;

3) две рачни батериски електрични ламби (светилки), чиј изѕор на светлосниот сјај мора да биде со пречник од најмалку 6 cm, со трепкава или постојана светлост во портокалова боја која се гледа од оддалеченост од најмалку 150 метра;

4) два знака со кои се означува моторното возило запрено на коловозот (член 54 од Основниот закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата);

5) два знака со кои се означуваат возилата што превезуваат опасни материи, во форма на знамеице (член 15);

6) две лопати и една казма;

7) преносна ламба која може да се вклучи на акумулаторот на возилото.

Возилото со кое се превезува радиоактивна материја, покрај опремата од ставот 1 на овој член, мора да ја има и следната опрема:

1) преносен дозиметриски уред за детекција на зрачење;

2) лента на поливинилска фолија, широка 80 cm, а долга најмалку 20 метра;

3) четири стилодозиметри, и тоа: два со капацитет по 200 mr (милирендгени) и два со капацитет по 5 r (рендгени);

4) јаже, во должина 20 метра а во пречник најмалку 0,8 cm;

5) лични заштитни средства кои се состојат од комбинезон, капа, гумени чизми, респираторска маска и гумени нараквици.

Член 18

Ако опасните материи од членот 14 на овој правилник се превезуваат со моторно возило што влече приклучно возило на кое која и да било од оските има еднократни тркала, тоа возило мора да има посебен уред кој со помош на звучен или светлосен сигнал го предупредува возачот ако дојде до испуштање на воздухот од гума на кое и да било тркало на приклучното возило.

Член 19

Возилата натоварени со опасни материи не смеат да се запираат ниту да се паркираат на коловозот.

Возачот кој поради дефект на возилото, сообраќајна незгода или од друга оправдана причина, или поради натовар или истовар на товар, е присилен да го запре возилото со опасни материи на коловозот, должен е да ги преземе сите мерки запреното возило да не ги доведе во опасност другите возила. Тој е должен да го означи присуството на возилото на коловозот:

1) дење — со поставување зад запреното возило два знака со кои се означува моторното возило запрено на коловозот;

2) во времето од првиот самрак до потполното осамнување, како и во времето на намалена видливост поради неповолни атмосферски или други прилики — со поставување, покрај знаците со кои се означува моторното возило запрено на коловозот, и на светилка од членот 17 став 1 точка 3 од овој правилник;

3) со упатување на помошникот на возачот односно на придружникот на пратката да се постави на оддалеченост од 100 до 150 метра зад запреното возило и со знак за означување на возилото со кое се превезуваат опасните материи — во форма на знамеицата од членот 15 став 1, а ноќе и во условите на слаба видливост — со светилката од членот 17 став 1 точка 3 на овој правилник, да ги предупредува возачите што наидуваат по истата страна на коловозот на која се наоѓа запреното возило, така што тие возила навремено да можат да се запрат или да ја намалат брзината и да се подготват за безбедно заобиколување на запреното возило.

Знаците и светилката од точ. 1 и 2 на ставот 2 од овој член се поставуваат на оддалеченост од 30 до 50 метра од возилото, односно ако е потребно — и на поголема оддалеченост, така што да бидат видливи од оддалеченост од најмалку 150 метра за возачите на моторни возила што наидуваат по истата страна на коловозот на која се наоѓа запреното возило.

3. Казнени одредби

Член 20

Со парична казна до 1.000 динари ќе се казни за прекршок работна или друга организација:

1) ако не испостави посебна исправа за превозот на опасните материи, или ако таа исправа не ги содржи предвидените податоци, или ако таа исправа не е издадена на пропишаниот начин (член 4 ст. 1 и 2 и чл. 5 и 6);

2) ако за возилото со кое се превезуваат опасни материи не обезбеди помошник на возачот или придружник кога следењето е предвидено или ако за помошник на возачот односно придружник определи лице кое нема соодветна возачка дозвола (член 9);

3) ако превезува опасни материи со моторно или приклучно возило кое не им одговара на пропишаните услови (член 13 став 1);

4) ако со средствата од членот 13 став 3 на овој правилник превезува опасни материи ноќе или за време на намалена видливост (член 13 став 4);

5) ако возилото со кое се врши превоз на опасни материи ги нема посебните пропишани светла или знаци (член 14);

6) ако возилото со кое се превезуваат определени опасни материи не е означено со посебни ливчиња (член 16 ст. 1 и 2).

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна до 500 динари и одговорното лице во работната или друга организација.

Член 21

Со парична казна до 500 динари ќе се казни за прекршок поединец — сопственик на моторно или приклучно возило кој врши јавен превоз на патници или стоки:

1) ако врши или дозволи да се врши превоз на опасни материи со моторно возило без помошник на возачот или без придружник кога следењето е предвидено, или ако за помошник на возачот односно за придружник определи лице кое нема соодветна возачка дозвола (член 9);

2) ако превезува опасни материи со моторно или приклучно возило кое не им одговара на пропишаните услови (член 13 став 1);

3) ако со средствата од членот 13 став 3 на овој правилник превезува опасни материи ноќе или за време на намалена видливост (член 13 став 4);

4) ако возилото со кое врши превоз на опасни материи нема пропишани посебни светла или знаци (член 14);

5) ако возилото со кое превезува определени опасни материи не е означено со посебни ливчиња (член 16 ст. 1 и 2).

Член 22

Со парична казна до 500 динари ќе се казни за прекршок:

1) придружник кој при превозот на опасни материи нема возачка дозвола за управување со оная категорија моторно возило во која спаѓа возилото со кое се врши превозот на опасната материја (член 9 став 2);

2) член на посада на возило со кое се врши превоз на опасни материи ако за незгодата или несреќата што ќе се случи при превозот на опасните материи не го извести најблискиот општински орган на внатрешните работи или најблиската станица на милицијата (член 12);

3) возач кој со средството од членот 13 став 3 на овој правилник превезува опасни материи, ноќе или за време на намалена видливост (член 13 став 4);

4) возач кој употребува посебни светла или знаци кога со возилото не се врши превоз на опасни материи (член 14 став 3);

5) возач што не ќе го обележи со пропишаниот знак или неправилно ќе го обележи возилото со кое се превезуваат опасни материи (член 14 ст. 4 и 5);

6) возач на запрежно возило или терач на добиток кој при превозот односно преносот на опасни материи нема или не го држи пропишаното знаменце така што тоа да е видливо за другите учесници во сообраќајот (член 15);

7) возач кој при превозот на определени опасни материи не ќе стави или неправилно ќе ги стави пропишаните посебни ливчиња (член 16 ст. 1 и 2);

8) возач кој ќе го запре возилото на коловозот за време додека е натоварено со опасни материи (член 19 став 1);

9) возач кој при оправдано запирање на коловозот на возилото натоварено со опасни материи не ќе постапи според одредбите на членот 19 ст. 2 и 3 од овој правилник.

4. Завршни одредби

Член 23

Одредбите за условите за вршење превоз на опасни материи предвидени со Европската спогодба (Анекс В) и одредбите на чл. 14, 17 и 18 од овој правилник ќе се применуваат од 1 јануари 1971 година.

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за транспортирање запаливи течности на патиштата на јавниот сооообраќај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/49).

Член 25

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П-бр. 344-3/41
23 април 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
Радован Стијачиќ, с. р.

248.

Врз основа на членот 69 од Законот за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66), сојузниот секретар за надворешна трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОГОВАРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ РАБОТИ НА УВОЗ НА ТРКАЛНИ ЛЕЖАИ

1. Во Наредбата за определување на стопанските организации за договарање и извршување работи на увоз на тркални лежаи („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/68 и 19/69) во точката 2 во одредбата под 22 точката се засменува со точка и запирка и по тоа се додаваат четири нови одредби, кои гласат:

„23) „Агротехника", Љубљана;
24) „14 октобар", Крушевац;
25) „Првомајска", Загреб;
26) Рударско-металуршки комбинат, Зеница.".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 9025
24 април 1970 година
Белград

Сојузен секретар за
надворешна трговија,
Мухамед Хаџиќ, с. р.

249.

Врз основа на точката 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/68 и 40/68), во согласност со сојузниот секретар за стопанство и сојузниот секретар за надворешна трговија, директорот на Сојузниот завод за цени издава

НАРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/68, 20/68, 21/68, 22/68, 24/68, 25/68, 29/68, 31/68, 33/68, 35/68, 41/68, 45/68, 48/68, 49/68, 55/68, 1/69, 3/69, 10/69, 11/69, 14/69, 18/69, 19/69, 22/69, 23/69, 24/69, 31/69, 47/69, 52/69, 55/69, 56/69, 11/70, 12/70 и 15/70) во точката 1 во одредбата под 107 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 108, која гласи:

„108) 054-50-40 Краставици, свежи 07.01/3д
во износ од 2,00 динари
за 1 килограм."

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 17-195/1
30 април 1970 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за цени,
Никола Филиповиќ, с. р.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА ОДЛУКАТА НА ОПШТОТО ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ТИТОГРАД" ВО ТИТОГРАД

I. Врховниот суд на Црна Гора му поднесе на Уставниот суд на Југославија предлог за поведување постапка за оценување на законитоста на Одлуката на Општото градежно претпријатие „Титоград" во Титоград, бр. 8996/67.

Со наведената одлука, што ја донесе Работничкиот совет на Претпријатието на 7 април 1967 година, е пропишано да се поведе постапка поради потешка повреда на работната должност предвидена во членот 91 од Правилникот за меѓусебните работни односи и да се изрече мерка исклучување од работната заедница против секој член на колективот, вклучувајќи ги и членовите на работничкиот совет и управниот одбор, што неовластено ќе се усели во стан на Претпријатието наменет за распределба или за пазар (точка I). Директорот на Претпријатието односно раководителот на работната единица е должен веднаш по узнавањето дека член на работната заедница неовластено се уселил во стан на Претпријатието, да поднесе пријава до комисијата надлежна за водење постапка и за изрекување мерка за заштита на работната должност. Таа комисија е должна веднаш, а најдоцна во рок од два дена од денот на добиеното барање, да поведе постапка и на советот на работната единица, односно на работничкиот совет на Претпријатието ако е во прашање член на работничкиот совет или на управниот одбор, да му даде предлог за исклучување од работната заедница (точ. II и III). Органот на Претпријатието на кој му е доставен таков предлог, во рок од два дена од денот на приемот на предлогот е должен да донесе одлука за исклучување (точка IV).

Подносителот на предлогот истакнува дека наведената одлука им е противна на одредбите од чл. 88 и 90 на Основниот закон за работните односи. И покрај тоа што работната заедница на работната организација е овластена и е должна да ги определи со својот општ акт должностите и одговорностите на своите членови при работата и во врска со работата, како и да определи што се смета како потешка повреда на работната должност, предлагачот смета дека неовластеното уселување на работник во стан на Претпријатието не претставува повреда на неговата должност настаната при работата и во врска со работата. Предлагачот, исто така, не гледа конкретна причинска врска помеѓу постапката на работникот при работата, за која инаку работникот се зема на одговорност, и неговото неовластено уселување во стан. Во ваков случај работникот, според гледиштето на предлагачот, постапува надвор од рамките на своите работни должности, па спрема таквиот работник, доколку во неговото дејствие на неовластено уселување во стан на Претпријатието има елементи и причини за тоа, можат да се преземаат други мерки. Законите денеска во значителна мерка ги предвидуваат. Така бесправното уселување може да се третира и да се казнува како самовласност која во Кривичниот законик е определена како кривично дело, или како попречување на посед спрема кое законот налага определени итни мерки, или како повреда на станбените односи спрема чиј сторител законот предвидува применување определена ефикасна мерка на враќање во поранешна состојба.

Општото градежно претпријатие „Титоград" од Титоград истакнува дека дисциплинската мерка пропишана со наведената одлука е неефикасна и дека неовластено уселување на одделни работници во станови на Претпријатието, било тие да се наменети за пазарот или за распределба меѓу работниците, претставува некаков вид присвојување на производ на претпријатието. Претпријатието смета дека таквата практика во правна смисла претставува повреда на определен и прифатен ред во Претпријатието, дека штетно се одразува врз деловноста и угледот на Претпријатието и дека во крајна линија оневозможува правилно функционирање на работната организација како целина, како и дека нивната одлука се движи во рамките на законското овластување и дека исклучувањето на работникот од работната заедница поради бесправно уселување е во доменот на слободна оцена на самата работна заедница а со тоа и акт на самоуправно одлучување.

II. Според членот 88 од Основниот закон за работните односи се предвидува правото на работната заедница да ги определува со општ акт: должностите и одговорностите на работниците при работата и во врска со работата (работна должност), што се се смета како потешка повреда на работната должност, постапката за утврдување на повреда на пропишаните работни должности на работниците, мерките што се применуваат спрема работникот поради повреда на работната должност, како и органите за поведување и водење постапка и за изрекување мерки. Во членот 90 ст. 1 и 2 на тој закон е предвидено правото на работната заедница да може да ја изрече за потешки повреди на работната должност и мерката исклучување од работната заедница. При изрекувањето на мерките поради повреда на работната должност, работната заедница е должна да ги земе предвид особено тежината на повредата и нејзините последици, степенот на одговорноста на работникот, условите под кои повредата е сторена, поранешната работа и однесувањето на работникот (член 90 став 3), и не може да изрече мерка поради повреда на работната должност пред да го сослуша работникот (член 92).

III. Според својата уставна положба и според Основниот закон за работните односи, работната заедница има право и должност да предвидува форми на повредите на работните односи и санкции за тие повреди. Но, и ова право, како и секое друго право, не може да се остварува вон од начелата на Уставот и целиот општествен и правен систем на Југославија и надвор од постапката предвидена со закон која им го гарантира правото на работниците и на граѓаните воопшто.

Врховниот суд на Црна Гора истакна низа аргументи за мислењето дека неовластеното уселување во стан на претпријатието не би можело да се квалификува како потешка повреда на работната должност, односно дека во основа не мора да претставува работна должност на работникот од становиштето на должноста и одговорноста на работникот при работата и во врска со работата (член 88 од наведениот закон).

Независно од тоа, Одлуката на Општото градежно претпријатие „Титоград" по својата содржина е непосредно спротивна на Уставот (член 49 став 1, член 36 став 6 и член 155), како и на општите принципи на домашното казнено законодавство. Одлуката не утврдува нормативно едно дејствие кое може да повлече и определена мерка спрема работникот поради повреда на работната должност или повреда на утврдениот и прифатениот ред во претпријатието, и тоа кога и доколку во определената постапка се утврди постоење на такво дејствие и степенот на одговорноста на сторителот. Таа е акт со кој се наредува автоматско изрекување на најтешка мерка предвидена за повреда на работната должност спрема секој оној работник кој неовластено ќе се усели во стан со кој управува Претпријатието и како таков претставува своевидна наредба за казнување на работниците. Таквата институција е непозната во уставниот и правниот систем на Југославија. Покрај тоа, Одлуката како таква не претставува ниту користење на овластувањето од Основниот закон за работните односи туку негова очигледна злоупотреба, а со тоа и повреда на одредбите од чл. 89 до 92 на тој закон.

Најпосле, Одлуката претставува повреда и на некои други принципи на југословенското законодавство. Таа налага исклучување од работната заедница и на членови на работничкиот совет и управниот одбор, без оглед на постапката која важи за избор и отповик на тие органи односно на нивните одделни членови, а тоа таа не може да го содржи ниту според својата форма ниту според начинот на донесувањето.

IV. Врз основа на членот 241 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ, по одржаната јавна расправа, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Противна е на Уставот и на казненото законодавство секоја одлука на работната организација која утврдувањето на повредите на работните должности го изразува како наредба за казнување, со тоа што доведува до автоматска примена на санкцијата исклучување од работната заедница.

2. Се поништува Одлуката на Општото градежно претпријатие „Титоград" од Титоград, бр. 8996/67 од 7 април 1967 година.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во Општото градежно претпријатие „Титоград" во Титоград.

V. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и членови на Судот: Неда Божиновиќ, Иван Божичевиќ, д-р Александар Фира, д-р Асен Груше, д-р Јован Ѓорѓевиќ, Шефкет Маглајлиќ, д-р Иво Сунариќ, Никола Срзентиќ и Јоже Земљак.

У бр. 284
25 декември 1969 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
Блажо Јовановиќ, с. р.

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА СТАТУТОТ НА ОПШТАТА БОЛНИЦА ВО ЗЕМУН ОД 29 МАЈ 1969 ГОДИНА

I. Советот на Општата болница во Земун, на седницата одржана на 29 мај 1969 година, донесе Одлука за измени и дополненија на Статутот со која, помеѓу другото, се соединуваат Интернистичката „А" служба и Интернистичката „Б" служба во една работна единица и се определува организацијата на така формираната интернистичка служба.

Група лекари и други работници на Интернистичката „А" служба поднесоа барање да се поведе постапка за оценување на законитоста на наведената одлука од причината што за измената на Статутот не е расправано на собир на работниците на Болницата.

Сметајќи дека во овој случај може да се постави прашањето на согласноста на Одлуката за измени и дополненија на Статутот со членот 10 од Уставот на СФРЈ и со чл. 32 и 53 од Основниот закон за установите, Судот, со решение бр. 421/69 од 18 февруари 1970 година, поведе постапка за оцена на уставноста и законитоста на таа одлука.

Според наводите на Советот на Болницата, за Нацртот на одлуката за измени и дополненија на Статутот не е расправано на собир на работните луѓе, но не од причината за со тоа да се кршат самоуправните права на работниците туку поради објективните тешкотии да се одржи собир на работниците. Од друга страна, Советот на Болницата истакна дека Нацртот на одлуката им е доставен на сите работни единици со покана да ги достават своите забелешки со што на сите работници им е дадена можност да се изјаснат за Нацртот на одлуката. Најпосле, Советот на Болницата истакна дека основна причина за покренување на ова прашање било обединувањето на интернистичката служба, а за тоа прашање постоела согласност на сите „фактори" на Болницата, вклучувајќи ја и Интернистичката „А" служба.

На јавната расправа Судот утврди дека Советот на Болницата ја иницирал постапката за измени и дополненија на Статутот и го изработил Нацртот на одлуката за измени и дополненија на Статутот кој им е доставен на сите работи единици на Болницата. Некои работни единици на своите состаноци расправале за Нацртот, додека во други единици за Нацртот расправал советот на работната единица. Одделни работни единици ставиле определени забелешки врз Нацртот. Тие забелешки им се соопштени на членовите на Советот на седницата од 29 мај 1969 година и по оцената на пристигнатите забелешки Советот ја донесе Одлуката за измени и дополненија на Статутот. Исто така, Судот на јавната расправа утврди дека постоела согласност за обединување на поранешните „А" и „Б" интернистички служби, но дека постоеле разлики во мислењата како да се организира новата заедничка интернистичка служба. Според мислењето на работниците на Интернистичката „А" служба немало потреба оваа служба повторно да се дели на две одделенија, а некои разлики постоеле и во поглед на прашањето кои стручни групи треба да има интернистичката служба. Најпосле, Судот на јавната расправа утврди дека за полноважно одлучување на собирот на работниците е потребно присуство на две третини од работниците и дека поради тоа постоеле извесни тешкотии околу закажување собир на работниците, со оглед дека еден број работници секојдневно оправдано отсуствуваат од работа и дека болничките служби се сместени во четири болнички згради на територијата на општините Земун и Нов Белград.

II. Пристапувајќи кон правната оцена на покренатото прашање Судот пред сè констатира дека Статутот на Болницата е изменет и дополнет на начин кој е спротивен на членот 51 став 2 од Основниот закон за установите, бидејќи предложените измени и дополненија не се претходно расправани на собир на работните луѓе, како што е тоа предвидено во чл. 17 и 18 од Статутот на Болницата.

Оценувајќи ги причините поради кои, според наводите на Советот, за измените на Статутот не е расправано на собир на работниците, Судот смета дека тешкотиите за одлучување на собирот на работните луѓе не можеле да бидат причина за кршење на статутарните одредби. Ако се прифатат како оправдани наводите на Советот дека пропишаната процедура за измена на Статутот е отежната, тоа би можело да биде причина за измена на пропишаната процедура но не и за нејзино непочитување.

Доставувањето на Нацртот за измени и дополненија на Статутот до сите работни единици со покана да дадат свои забелешки, во овој случај не можело да ја замени со Законот и со Статутот пропишаната постапка за измена на Статутот. Доставувањето на давање забелешки не дава доволно гаранција дека работните луѓе ќе учествуваат во одлучувањето, што се потврди и во овој случај, бидејќи за измените на Статутот не се расправало на собори на сите работни единици на Болницата, а доколку на некои собори и се расправало за предложените измени работниците биле запознаени само со предлогот на Советот но не и со забелешките што се ставени на овој предлог.

Според тоа, овде не се работи само за формална повреда на статутарните одредби туку и за повреда на Законот и Статутот која довела до тоа на работните луѓе во Болницата да не им било обезбедено учество во одлучувањето за измената на својот статут.

Покрај изнесените причини кои укажуваат на незаконитоста на Одлуката за измени и дополненија на Статутот на Болницата во Земун, Судот наоѓа дека во овој случај посебно се повредени правата на работниците на Интернистичката „А" служба. Измените на Статутот, доколку се однесуваат на организацијата на работата на таа служба, се донесени на начин кој го навредува правото на самоорганизирање на работниците во таа служба. Во рамките на правата на самоуправувањето, правото на самоорганизирање им припаѓа на работниците во работните единици во состав на установата. Тоа е право со кое се остварува непосредното управување кое на работните единици им е гарантирано со Уставот (член 10 и Амандман XV) и со Основниот закон за установите (член 32). Остварувајќи го таквото право работните луѓе во работните единици одлучуваат за организацијата на работата под услов да се обезбедат најповолни услови за работата на установата како целина, а тоа го оценуваат работните луѓе на целата установа.

Во овој случај работниците на интернистичките служби биле согласни да се обединат овие служби. Меѓутоа, не постоела согласност како треба да се организира единствена интернистичка служба, дали таа служба повторно треба да се разделува во две одделенија и кои стручни групи треба да има таа служба. Решавањето на овие прашања, врз основа на принципот за непосредно вршење на правото на самоорганизирање, спаѓа првенствено во надлежност на самата интернистичка служба, додека работниците на другите работни единици оценуваат дали предложената организација им одговара на потребите на целата установа.

Од ова произлегува дека, ако се постави прашањето на организацијата на работата во една работна единица, предлозите за организацијата се формираат во самата работна единица, а работните луѓе на целата установа ја оценуваат основаноста на предлозите од становиштето на условите на работата на целата установа. Во овој случај, за предлозите на работниците на интернистичките служби, без оглед на подвоените мислења, работниците на Болницата во Земун не знаеле ниту можеле да одлучуваат за нив.

III. Врз основа на членот 241 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Се поништува Одлуката за измени и дополненија на Статутот на Општата болница во Земун од 29 мај 1969 година.

2. Оваа одлука се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

IV. Уставниот суд на Југославија, врз основа на јавната расправа, ја донесе оваа одлука во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и членови на Судот Неда Божиновиќ, Никола Срзентиќ, д-р Јован Ѓорѓевиќ, Шефкет Маглајлиќ, Иван Божичевиќ, д-р Иво Сунариќ, д-р Асен Групче, Јоже Земљак и д-р Александар Фира.

У 421/69
20 март 1970 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
Блажо Јовановиќ, с. р.

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА НА ЧЛЕНОТ 7 ОД ПРАВИЛНИКОТ НА СОВЕТОТ НА РАБОТНАТА ЗАЕДНИЦА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА ЦЕНТАР ВО САРАЕВО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТАНОВИ НА КОРИСТЕЊЕ

I. Уставниот суд на Југославија, по повод претставката на Јулие Волф од Сараево, поведе постапка за оценување на уставноста на членот 7 од Правилникот за доделување станови на користење, бр. 12-1420/1 што Советот на работната заедница на органите на управата на Собранието на општината Центар во Сараево го донесе на својата седница од 9 јуни 1969 година.

Со наведената одредба на Правилникот е предвидено дека оние работници кои имаат станбена зграда или стан во сопственост каде и да било на територијата на Југославија, немаат право да добијат стан на користење од фондот на становите со кои располага работната заедница.

Подносителот на претставката смета дека условот кој е предвиден во членот 7 на наведениот правилник не е во согласност со одредбите на Законот за станбените односи („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/66 — пречистен текст), како и дека таквиот услов доведува до нееднаквост на граѓаните, бидејќи сопствениците на семејни станбени згради и станови ги лишува од правото да можат да добијат стан на користење по основ на работниот однос.

Советот на работната заедница на органите на управата на Собранието на општината Центар-Сараево смета дека, врз основа на членот 36 став 1 од Законот за станбените односи е овластен самостојно да го утврдува начинот, условите и редот на првенство за давање станови на користење и дека во рамките на тоа самоуправно право може да ги предвиди оние услови кои им одговараат на потребите на членовите на работната заедница.

II. Со одредбата на членот 36 став 1 од Законот за станбените односи на работничкиот совет или на друг највисок орган на управувањето му е дадено овластување да донесе правилник за начинот, условите и по кој ред на првенство ќе се даваат становите на користење. Донесувајќи го правилникот во смисла на овластувањето од таа одредба на наведениот закон, највисокиот орган на управувањето на давателот на стан на користење остварува едно свое самоуправно право. Но, иако со тој закон не се определени посебни критериуми кои би биле заеднички и задолжителни за сите работни и други организации во регулирањето на прашањата врзани за давање станови на користење, не значи дека правото на тој орган во тој поглед е неограничено. При пропишувањето на условите под кои ќе се даваат станови на користење, мора да се почитува општиот принцип за уставноста и законитоста на општите акти на работните и други самоуправни организации.

Така, со Законот за станбените односи, покрај другото, е предвидено дека сопственикот на семејна станбена зграда односно стан има право да се усели во празен стан во своја зграда, како и дека граѓанинот што се уселил во стан врз основа на определен акт кој може да се смета како полноважен основ за уселување во стан, се здобива со правото да го користи станот трајно и непопречувано под условите од Законот. Според тоа, сопственикот на семејна станбена зграда или стан, како титулар на правото на сопственост, може да биде ограничен во тоа свое право со тоа што, од една страна, друго лице може да има станарско право на односниот стан, а од друга страна, што е должен да не го попречува носителот на станарското право во мирното користење на станот.

Сопственикот на семејна станбена зграда односно стан е должен да ги почитува ограничувањата пропишани со Законот, па покрај другото, ако сака да се усели во својот стан тој на носителот на станарското право мора да му понуди во замена друг стан. Исто така, на можноста да го користи станот сопственикот влијаат и други околности, па не може да се смета дека сопственикот на семејна станбена зграда или стан, поради тоа што располага со правото на сопственост, го решил своето станбено прашање и дека нема право да бара од својата работна заедница да му додели стан на користење.

При пропишувањето на мерилата и условите за давање станови на користење, определени работници, само поради тоа што се сопственици на станбена зграда или стан, не можат да се исклучат од правото да можат да добијат стан на користење по основ на работниот однос, доколку ги исполнуваат и другите услови и мерила што се предвидени со правилникот.

Пропишувањето на условите за апослутно исклучување на работниците, кои се сопственици на станови, од правото на добивање стан на користење по основ на работниот однос, што се јавува како резултат на погрешно толкување на Законот, доведува до повреда на уставниот принцип за еднаквоста на граѓаните како работници на една иста работна организација. Поради тоа, според мислењето на Уставниот суд на Југославија, одредбата на наведениот правилник со која работниците кои имаат станбена зграда или стан во сопственост каде и да било на територијата на Југославија се исклучуваат од правото да можат да бараат доделување стан на користење од фондот на становите со кој располага работната заедница, не е во согласност со Уставот.

III. Врз основа на членот 241 став 1 точка 3 од Уставот на Југославија, по одржаната јавна расправа, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Се утврдува дека работната организација, како давател на стан на користење, со определување на мерилата и основите за давање станови на користење, нема право да исклучи член на работната заедница од правото на добивање стан на користење по основ на работниот однос само поради тоа што тој располага со правото на сопственост на станбена зграда или стан каде и да било на територијата на Југославија, не земајќи ги предвид и другите околности што се од влијание врз стекнувањето на станарското право.

2. Се укинува членот 7 од Правилникот на Советот на работната заедница на органите на управата

на Собранието на општината Центар во Сараево за доделување станови на користење, бр. 12-1420/1 од 9 јуни 1969 година.

Наведениот пропис нема да се применува од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен лист на СФРЈ".

3. Оваа одлука се објавува во службениот лист на федерацијата и на огласната табла на Собранието на општината Центар-Сараево на која се објавуваат општите акти на Советот на работната заедница.

IV. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и членови на Судот: Иван Божичевиќ, Неда Божиновиќ, д-р Јован Ѓорѓевиќ, д-р Асен Групче, Никола Срзентиќ, д-р Иво Сунариќ, Јоже Земљак и д-р Александар Фира.

У бр. 373/69
20 март 1970 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
Блажо Јовановиќ, с. р.

УКАЗИ

Претседателот на Републиката, врз основа на членот 217 став 1 точка 3 од Уставот, на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА ВИЕТНАМ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА ВИЕТНАМ

I

Се отповикува

Владимир Поповиќ од должноста на извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Демократска Република Виетнам.

II

Се назначува

Богдан Орешчанин, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Република Кина, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Демократска Република Виетнам, со седиште во Пекинг.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влевува во сила веднаш.

У. бр. 11
22 април 1970 година
Белград

Претседател на
Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод дваесетпетгодишнината од излегувањето на весникот, а за особени заслуги и придонес во ширењето на напредните идеи, на мобилизаторската улога во текот на Народноослободителната борба, во движењето на општествената активност на селото, во толкувањето и пропагирањето на современото земјоделско производство со што е сторен придонес за социјалистичкиот развиток на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЗВЕЗДА

„Кмечки глас" — Љубљана.

Бр. 79
7 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за примерни заслуги и умешност во работата на развивање постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците што ги раководат, како и за создавање услови за постигање исклучително добри успеси во своите единици и установи

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

полковниците на авијација: Куленовиќ Ибре Исмет, Мијатов Богдана Никола, Муждека Гојко Светолик, Самарџиќ Трипка Томаш, Жановиќ Андрије Владислав, Жутиќ Михајла Никола;

потполковниците на авијација: Бабиќ Алексе Милош, Бошковиќ Бранка Милан, Гавриловиќ Милутина Јездимир, Гиба Павла Стјепан, Хајдушка Андора Ернест, Хлачар Франца Мирко, Инђиќ Ристе Младен, Јосиповиќ Љубомира Момчило, Крниќ Ивана Јосип, Мрвац Јанка Марко, Перовиќ Илије Данило, Радиќ Антона Томислав, Радман Силвестра Динко, Росиќ Гавре Душан, Секулиќ Људевита Александар, Степанчиќ Петра Петар, Стојмановски Петра Давид;

мајорите на авијација: Броз Вјекослава Владимир, Демшар Павела Павел, Дивјак Бењамина Маријан, Ђоковиќ Ђорђа Живан, Главичиќ Ранка Радоје, Јеремиќ Александра Живојин, Којиќ Светозара Раде, Мандиќ Јована Урош, Маркичевиќ Милосава Милош, Миланов Светозара Бошко, Милутиновиќ Стевана Саво, Николиќ Саве Милутин, Пертот Јан-

ка Владимир, Руперт Антона Цирил, Страјин Љубомира Стојан, Сувић Алексе Љубо, Штајнер Антона Франц, Васиљевић Стојана Сретен, Зајц Конрада Конрад;

капетаните I кл. на авијација: Бернетић Ивана Милан, Бобовски Милана Гиорге, Цветковић Бетка Илија, Ћирић Михајла Драгољуб, Јоцић Арсеније Благоје, Марић Миле Бранко, Павловић Милића Љубомир.

Бр. 87
17 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат по повод осумдесетгодишнината од основањето, а за особени заслуги во работата од значење за развојот на театарската уметност и за културното издигање на нашите народи

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Народниот театар во Ниш;

по повод дваесетгодишнината на излегувањето, а за особени заслуги на делото за ширење на братството е единството меѓу младите генерации

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Детскиот месечен весник „Пионирска Захрадка".

Бр. 80
7 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат по повод седумдесетгодишнината на животот, а за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Максимовиќ Десанка;

за особени заслуги во работата во областа на литературниот, културниот и општествениот развиток на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЗВЕЗДА

Вучо Александар.

Бр. 82
14 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

СОДРЖИНА

Страна

238. Резолуција за социјалната заштита — — 601
239. Одлука за максималните цени за алуминиум и за одделни производи од преработка врз база на алуминиум — — 607
240. Одлука за измена и дополнение на Одлуката за мерилата за утврдување кои стопански организации се сметаат како претежни извозници — — — — — — 607
241. Одлука за дополнение на Одлуката за определување на земјоделските и прехранбените производи за кои при увозот се плаќа посебна давачка — — — — 608
242. Одлука за начинот и постапката за остварување регрес според Законот за одобрување регрес на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи на име разлика во каматната стопа — — 608
243. Одлука за условите и начинот на користење во 1970 година на приходите што Сојузниот хидрометеоролошки завод ги остварува со вршење услуги — — — 609
244. Решение за пределување на постојан граничен премин Омишаљ-Риека за меѓународен воздушен сообраќај — — — — 609
245. Правилник за измени на Правилникот за условите и начинот за доделување еднократна парична помош — — — — — 609
246. Правилник за определување на товарните линии на поморските бродови — — — 609
247. Правилник за превозот на опасни материи во сообраќајот на патиштата — — 619
248. Наредба за дополнение на Наредбата за определување на стопанските организации за договарање и извршување работи на увоз на тркални лежаи — — — — 623
249. Наредба за дополнение на Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи — — — — — — — 623

Одлука за оцена на законитоста на Одлуката на Општото градежно претпријатие „Титоград" во Титоград — — — — — 623

Одлука за оцена на уставноста и законитоста на Одлуката за измени и дополненија на Статутот на Општата болница во Земун од 29 мај 1969 година — — — — — — 625

Одлука за оцена на уставноста на членот 7 од Правилникот на Советот на работната заедница на органите на управата на Собранието на општината Центар во Сараево за доделување станови на користење — 626

Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226 — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух, Улица Јована Ристића бр. 1. — Печати Београдски графички завод Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17